

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2023 - 2025**

**СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“**
Email: dusobrakamiladinovci@yahoo.com
Website: www.brakjamiladinovci.edu.mk
Tel: +389 2 2791044
Ул.Бранко Заревски 110, Скопје

**МИСИЈА, ВИЗИЈА И МОТО НА УЧИЛИШТЕТ0**

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашата мисија е да обезбедиме квалитетно, инклузивно и рамноправно образование со хуманистичка димензија како клуч за мултикултурно и праведно општество.

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиште препознатливо по успесите што ги постигнуваат учениците; мотивирани наставници кои работат на заедничката цел: УЧЕЊЕ НАСОЧЕНО КОН УЧЕНИКОТ!

Да бидеме училиште во кое ќе се учи за да се стекнуваат квалитетни и применливи знаења; со грижата за растителниот свет и **благосостојбата на животните** да продолжиме да придонесуваме за

МОТО

Училиште за сите, образование за сите, општество за сите.

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО**

ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО: СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје
АДРЕСА: Ул. Бранко Заревски бр.110
ПОШТА: 1000 Скопје
ТЕЛЕФОН: 02 2791 044/02 2794 697
E-MAIL: dusobrakamiladinovci@yahoo.com
WEB: https://sugsbrakjamiladinovci.edu.mk
ДРЖАВА: Република Северна Македонија
МАТИЧЕН БРОЈ: 4066936
ШИФРА НА ДЕЈНОСТ: Средно образование (85.32)
ЖИРО СМЕТКА: 785010363878719
ВЕРИФИКАЦИЈА:
- Бр.09-2441/1 од 15.05.2004 гимназиско образование
- 11-1552/4 од 24.06.2011 година верифицирана е експериментална германска паралелка.
- 11-83/1 од 09.01.2007 стручно образование
- Решение бр. 12-15002/1 од 12.12.2018-реформирано техничко образование

ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА: Македонски и албански наставен јазик
ГОДИНА НА ИЗГРАДБА: 1964
ТИП НА ГРАДБА: Монтажна барака
ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТОТ: 3600 м2
ПОВРШИНА НА ДВОРОТ СО РАКОМЕТНО ИГРАЛИШТЕ: 3000 м2
БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ: 20
БРОЈ НА УЧЕНИЦИ: 217
Средното училиште на град Скопје е едно од 23 средни училишта на кои како основач се јавува Градот Скопје.
Сместено е во руралниот дел на Скопје, во атарот на населба Драчево-Општина Кисела Вода.
До училиштето може да се стигне преку градски превоз (автобуси бр. 31, 41, 41 А, 42 , 51 и 67, со воз, или пак со автомобил).
Училиштето е формирано во 1964 година, а училишната зграда е подарок од англиската влада, на разрушеното Скопје по катастрофалниот земјотрес (1963).
Училишниот објект е направен како привремен монтажен објект, изграден од четири засебни објекти, од кои едниот е фискултурна сала.
Површината на објектот е околу 3600m2.
Околу училиштето се наоѓа училиштен двор (3000m2), во кој има спортско игралиште и училишна економија (мини зоо парк, гаражи во кои е сместена земјоделската механизација, хортикултурен парк и земјоделски површинина кои учениците ја изведуваат практичната настава).
Училиштето е формирано како гимназија врз основа на чл.1 и 76 од Општинскиот закон за школство „Сл.весник на СФРЈ“бр.4/64 Собранието на Општина Драчево на 16.седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници/ 01.07. 1964 година со Решение бр.01-3521/1 на 01.07.1964 година. Со воведување на средното насочено образование во 1980, Решение бр.11-139/1-79, од 17.02.1980

се трансформира во Средно стручно училиште, во кое учениците стекнуваат образование од земјоделската и ветеринарната струка.
Со реформите во образовниот систем во 1995 година, Решение бр.11- 514/3, од 23.03.1995 година повторно се воведуваат гимназиските паралелки, па денес тоа е училиште во кое учениците стекнуваат гимназиско образование и образование од земјоделско-ветеринарната струка/сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство.
Од основањето до денес со училиштето раководеле осум директори:
1. Александар Поповски од 1964 до 1965 (1година)
2. Борис Гоговски од 1965 до 1982 (17години)
3. Стојче Манев од 1982 до 1996 (14 години)
4. Јован Лозановски од 1996 до1999 (3 години)
5. Ангеле Трајковскиод 1999 до2003 (4 години)
6. Елизабета Ангелеска од 2003 до 2012 година (9 години)
7. Емилија Ангелова од 2012 до 2018 година (6 години)
8. Елизабета Ангелеска од 2018 до 2023 (5 години)
9. Константин Василевски од 2023 до 2025 година (2 години)
10. Осман Бајрами од 2025 година

Основната дејност на училиштето е воспитно-образовна.
Училиштето е верифицирано да образова ученици од гимназиско и стручно образование, земјоделско-ветеринарна струка односно:
Гимназиското образование е верифицирано со одлука на министерот Азис Положани со Решение бр.09-2441/1 од 15.05.2004 година, Министерството за образование и наука, за изборните подрачја општествено - хуманистичко, јазично - уметничко и природно-математичко, а со Решение број 11-1552/4 од 24.06.2011 година е верифицирана експериментална германска паралелка.
Од учебната 2019/2020 година со Решение бр. 12-15002/1 од 12.12.2018 година, донесено од министерот за образование и наука д-р Арбер Адеми, во стручното образование учениците наставата ја следат според наставни планови и програми за реформирано техничко образование, односно во:
Секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство, со следниве образовни профили:

- Техничар за фитомедицина – верификација УП113-2850 од 10.06.2020 година.
- Техничар по ветеринарна медицина – верификација УП113-2851 од 10.06.2020 година.
- Техничар за агроменаџмент – верификација УП113-2852 од 10.06.2020 година.
- Агротехничар–верификација УП113-2853 од 10.06.2020 година.

Од учебната 2022/2023 година во земјоделско-ветеринарната струка се запишани ученици во прва година кои реализираат Наставен план за сите образовни профили со зголемен фонд на часови за практична обука, односно учење преку работа кај работодавач.
Секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство е со следниве образовни профили:

- Техничар за агроменаџмент со зголемен број на часови по практично образование,

Решение бр. УП1 13-115 од 13.06.2023

 Техничар по ветеринарна медицина со зголемен број на часови по практично образование,
Решениебр.УП113-116 од 13.06.2023
 Техничар за фитомедицина со зголемен број на часови по практично образование,
Решение бр. УП1 13-117 од 13.06.2023
 Агротехничар со зголемен број на часови по практично образование,Решение бр.УП1 13-118 од 13.06.2023.

Во 2025 година се верифицираат условите за реализација на Наставниот план и наставните програми од секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство, техничко образование:

o Агротехничар техничко образование , 13-5865/13 од 02.05.2025 година
o Техничар по ветеринарна медицина техничко образование , 13-5865/14 од 02.05.2025 година
o Техничар за фитомедицина техничко образование , 13-5865/15 од 02.05.2025 година
o Техничар за агроменаџмент техничко образование , 13-5865/16 од 02.05.2025 година

## ВОВЕД

Развивањето, воспоставувањето и унапредувањето на квалитетот во различните сфери на животот и работата, особено во областа на образованието и учењето (област која најмногу има влијание во развојот на едно општество во целина), претставува неопходна активност. Денес, насекаде во светот се воведуваат современи процедури за обезбедување на квалитет со цел образованите системи да бидат што повеќе ефективни и ефикасни. Еден од начините да се воспостави и осигура ефективен образовен систем е неговото вреднување, односно вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовните институции (училиштата). Кога зборуваме за вреднувањето на квалитетот на работата на едно училиште, треба да истакнеме дека тоа се спроведува преку: **самоевалуација и интегрална евалуација.**

Самоевалуацијата претставува процес преку кој се вреднува квалитетот на работата на училиштето, а ја спроведува самото училиште. Оваа постапка всушност претставува вреднување на сопствената работа, а се тргнува од анализата на тоа што и како сме сработиле.

Всушност, при самоевалуацијата треба да одговориме на следниве три прашања, кои претставуваат суштина на самоевалуацијата (самовреднувањето):

1. **Колку училиштето е добро?**
2. **Од каде го знаеме тоа?**
3. **Што треба да направиме, училиштето да биде уште подобро?**

Најточни, најдобри и најрелевантни одговори на овие прашања можат да дадат наставниците, учениците, раководниот тим, останатите вработени, родителите, локалната заедница, социјалните партнери и други соработници, но секој од своја гледна точка, со што се постигнува преглед на сите предности и недостатоци (јаки и слаби страни) на самото училиште.

Согласно Законот за средно образование, секое училиште е должно да спроведе процес на самоевалуација секоја втора година (член 29-а).

Интегралната евалуација ја спроведува Државниот просветен инспекторат секоја трета година (согласно законот за ДПИ) и опфаќа вреднување на: организација и реализација на наставата, услови и култура во воспитно-образовната установа, менаџмент, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и сл.

После спроведената интегрална евалуација Државниот просветен инспекторат изработува писмен извештај за работата на наставниците и стручните соработници и го доставува до училиштето и до Државниот испитен центар.

Согласно индикаторите за квалитетот на работата на училиштето, во процесот на самоевалуација се вреднуваа седум подрачја:

1. Наставни планови и програми;
2. Постигања на учениците;
3. Учење и настава;
4. Поддршка на учениците;
5. Училишна клима;
6. Ресурси;
7. Управување, раководење и креирање на политики.

**ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Тим за самоевалуација:

- Оливера Величковска-член
- Билјана Николовска Прља-член
- Наташа Младеновска Тошевска -член
- Никола Николоски-член
- Гордана Секоска-член
- Емилија Брушкоска-член
- Нехат Реџепи-член

За секое подрачје на евалуација, се формираа училишни тимови, кои ја изработија самоевалуацијата по подрачја.

| **ПЛАН НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА Ред.број** | **АКТИВНОСТ** | **Кој?** | **Време на реализација** |
| --- | --- | --- | --- |
| 1. | Формирање на тим за самоевалуација | Училишен одбор | |
| 2. | Формирање тимови за одредени подрачја на самоевалуацијата | Директор | |
| 3. | Состанок со тимовите за самоевалуација | Директор | |
| 4. | Договор за примена на соодветни индикатори, методи и инструменти | Тимови по подрачја | |
| 5. | Собирање податоци за состојбата во училиштето | Тимови по подрачја | |
| 6. | Анализа на состојбата | Тимови по подрачја | |
| 7. | Извештај од самоевалуацијата | Тимови по подрачја | |
| 8. | Изработка на збирен Извештај од самоевалуација | Училишен тим за самоевалуација | |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Изработка на Развоен план на училиштето | Училишен тим за самоевалуација |
| 10. | Презентација на извештајот од самоевалуацијата и Развојниот план пред стручните органи и тела | Училишен тим за самоевалуација |
| 11. | Усвојување на Извештајот од самоевалуација и развојниот план од страна на Училишен одбор | Училишен одбор |
| 12. | Доставување на извештајот од самоевалуација до надлежните институции | Директор |

**ДОКАЗИ И ИНСТРУМЕНТИ КОРИСТЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**Дадени се за секое подрачје посебно.**

**1.Подрачје на вреднување НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**1.1. Организација на наставни планови и програми**

**1.2. Квалитет на наставни планови и програми**

**1.3. Воннаставни активности**

**1.1 Организација на наставни планови и програми**

*1.1.1 Применувани наставни планови и програми*

*1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми*

*1.1.3 Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби*

*1.1.4 Избор на наставни предмети*

*1.1.5 Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето*

*1.1.6 Реализација на проширени програми*

| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Добиени информации |
|---|---|
| **1.1. Организација на наставните планови и програми**<br><br>Наставни планови и програми одобрени од МОН<br><br>Годишни глобални и тематски планирања<br><br>Дневни планирања на наставниците<br><br>Главни книги за претходните две учебни години<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Дневник на работа | **1.1.1 Применувани наставни планови и програми**<br>СУГС ,,Браќа Миладиновци,, Скопје е верифицирано да образува ученици од гимназиско и стручно образование, земјоделско-ветеринарна струка, односно: гимназиското образование е верифицирано со одлука на министерот Азис Положани со Решение бр.09-2441/1 од 15.05.2004 година, Министерство за образование и наука, за изборните подрачја општествено-хуманистичко,јазично-уметничко и природно-математичко, а со Решение број 11-1552/4 од 24.06.2011 година е верифицирана експериментална германска паралелка.<br>Земјоделско–ветеринарната струка работи според реформирана програма со следните образовни профили:<br>- ветеринарен техничар;<br>- техничар за фармерско производство;<br>- техничар за хортикултура;<br>- техничар за агроменаџмент<br><br>Од учебната *2019/2020* година со Решение бр. 12-15002/1 од 12.12.2018 година донесено од страна на министерот за образование, во прва година во стручното образование учениците од прва година наставата ќе ја следат според наставни планови и програми во реформирано техничко образование, односно во Секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство, со следниве образовни профили:<br>- *агротехничар*<br>- *техничар за агроменаџмент*<br>- *техничар за фитомедицина*<br>- *техничар по ветеринарна медицина*<br>Применуваните Наставни планови и програми се во согласност со |

| | |
|---|---|
| Записници од совет на родители,училишен одбор и стручните активи во училиштето<br><br>Брошури и флаери на училиштето<br><br>Програма за работа на ученичката заедница<br><br>Акти на училиштето<br><br>Педагошка евиденција и документација<br><br>Анкети со наставниците, родителите и учениците<br><br>Записници од претходни испекциски надзори<br><br>Изработени ИОП за учениците со посебни образовни потреби<br><br>Материјали од постапката за определување на изборни предмети, слободни часови/проектни активности<br><br>Брошури | донесените/одобрените програмски документи од МОН. Нашето училиште во целост ги реализира истите. Врз реализацијата на Наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава-интерактивно учење, со проектни активности и со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување.<br>При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, моќ, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.<br>Сите видови настава (задолжителна, изборна, слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава, проектни активности и содржини програмирани на училиштето). Теоретската настава  се реализира според постојните наставни планови и програми во гимназиското (реформирано) и според програмата во средното четиригодишно стручно образование.<br>Секој предметен наставник изработува глобални, тематски и оперативни (дневни) планирања. Во глобалните и тематските планирања, освен задолжителните содржи кои се предвидени според наставната програма по даден предмет, се интегрираат и содржини за реализација на проширени програми од проектот Еколошка едукација во македонскиот образовен систем, кои понатаму секој наставник и класен раководител точките на акција ги разработува во тематските и дневните планирања. Исто така секој наставник согласно меѓуетничката интеграција планира по два заеднички часа.<br>Класните раководители за реализирање на класните часови изработуваат годишни и тематски планирања според програмата<br>Образование за животни вештини. Врз основа на подготвените планирања, успешно се реализира воспитнообразовниот процес во училиштето, така што учениците имаат можност успешно и навреме да ги совладаат наставните содржини.<br>Во наставните програми во стручното образование е предвидено користење информатички и комуникациски технологии (ИКТ).<br>Модуларно дизајнираните наставни програми кои се изразени преку модуларни единици, базирани на резултати од учење и критериуми за оценување на учениците, овозможуваат поголема флексибилност во планирањето,организацијата и реализацијата на воспитно – образовниот процес, подобро искористување на ресурсите, можности за индивидуален пристап во наставата .<br><br>На предлог на Центарот и Бирото, а во соработка со работодавачите, министерот утврдува модел на наставен план за дуално образование.<br>Дуалното образование подразбира реализација на практична |

| | |
|---|---|
| Дуално образование | работа во реномирани компании со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.<br>Компаниите кои се вклучени во програмата за дуално образование им овозможуваат на учениците реализација на практична настава со обучени ментори во реални услови, а во соработка со наставниците по практична настава. Учениците стекнуваат и усовршуваат практични вештини со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на труд или отварање на сопствен бизнис и продолжување на образованието. Овој концепт на образование на учениците им обезбедува можност за добивање стипендија од МОН.<br>**1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>Целите на наставните планови и програми кои треба да се остварат, треба да ги знаат и учениците и родителите, па поради тоа училиштето применува повеќе начини за информирање на родителите и учениците за истите. На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година, а родителите преку брошура, на родителските средби и преку советот на родители се запознаваат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат. Наставните планови и програми се достапни на сајтовите на БРО и ЦСОО како и на веб страната на училиштето. Исто така училиштето изготвува и брошури.<br>**1.1.3 Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**<br>Во училиштето има вработено специјален едукатор и рехабилитатор. Се зајакнуваат капацитетите на училиштето преку обуки на наставниците, советодавна работа со учениците за прифаќање на учениците кои се различни од нив (надминување на стереотипите и предрасудите) со цел остварување позитивна клима и атмосфера во училиштето. Училиштето води грижа за идентификување, регистрација и следење на ученици со посебни потреби, изработка на индивидуален образовен план според видот на попреченоста и нивото на претходно постигнување, прилагодена наставна програма и поддршка на наставниците за работа со оваа категорија ученици. Притоа воспоставува соработка со родителите која игра голема улога во постигувањето на зацртаните цели со учениците со посебни образовни потреби. За учениците се изработуваат индивидуални образовни планови согласно можностите и спосособностите на секој ученик како индивидуа. Се применува универзалниот наставен концепт, односно на учениците им се овозможуваат повеќе начини на претставување на наставните содржини, повеќе начини на покажување на знаењето стекнато во училиште и повеќе начини за мотивирање и активно вклучување во процесот на учење. За надарените ученици и заинтересираните ученици за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна |

| | |
|---|---|
| | настава.<br>**1.1.4 Избор на наставни предмети**<br>Изборните предмети се застапени во гимназиското и стручното образование. Во Концепцијата за модернизација на техничкото образование (2016) се наведува дека изборните модули им се нудат на учениците со цел да обезбедат елемент на изборност во образовната програма и се дизајнирани така за да бидат комплементарни со задолжителните модули. Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле.<br>Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.<br><br>**1.1.5 Планирање на активности за реализација на слободни часови/проектни активности во училиште**<br>Во училиштето се реализират и проектни активности во гимназиско образование и слободни часови и содржини програмирани од училиштето во стручното образование. Програмите се дадени од повеќе области и следејќи ги личните интереси и афинитети, учениците изборот го вршат самостојно, а училиштето во целост го почитува.<br>Во нашето училиште се реализираат следниве содржини програми од училиштето:<br>• Зачински, ароматични и лековити растенија<br>• Одгледување на магаре и искористување на магарешко млеко<br>• Аквапоника<br>• Пустински и тропски декоративни растенија<br>Училиштето обезбедува вклученост на учениците со посебни образовни потреби во содржините програмирани на училиштето.<br>**1.1.6 Реализација на проширени програми** - училиште реализира проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Интегрирање на еколощки содржини од еколощката програма во Годищната програма за работа на училищтето. |

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

*1.2.1 Родова и етничка рамноправност и мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала*

*1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала*

*1.2.3 Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието*

*1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми.*

| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Добиени информации |
|---|---|
| **1.2.Квалитет на наставните планови и програми**<br><br>Наставни планови и програми донесени од МОН;<br><br>Самоевалуација на училиштето;<br><br>Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Тематски планирања на наставниците;<br><br>Нормативни акти на училиштето;<br><br>Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми;<br><br>Педагошка евиденција и документација;<br><br>Записници од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето;<br><br>Записници од претходните инспекциски надзори;<br><br>Анкетни прашалници за избор на наставни предмети,наставни подрачја и проектни | **1.2.1 Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Училиштето организира работилници за меѓуетничка интеграција кои имаат за цел да ги вклучат учениците од различна етничка припадност во реализација на заеднички активности. Од голема важност за оваа компонента е имплементацијата на проектот *Меѓуетничка интеграција на младите во образованието*. Во училиштето се реализираат проекти кои ја поттикнуваат меѓуетничката интеграција во образованието - *Заеднички наставни и воннаставни ученички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата* кои се реализираат самостојно во училиште или во партнерство со друго училиште. Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите. Родово-инклузивен курикулум незначи само постигнување на родова рамноправност во училиштата туку и обезбедување на родово сензитивни наставни содржини. На часот на паралелката се реализираат програми предвидени со програмата за животни вештини. Наставните планови и програми и програмите за часот на паралелката го помагаат личниот и општествениот развој на нашите ученици (машки и женски) и тоа во меѓусебната соработка, градење на самодовербата и разрешувањето на конфликтите, грижа за здравјето, интерперсоналните односи, личниот развој и сл. Најмногу треба да се работи на подигање на свеста кај учениците дека не постојат “машки“ и “женски“ професии и етничка и социјална одвоеност да се афирмираат и поттикнат да ја бараат својата идна професија според личните способности, а не според припадноста на полот и етничката припадност. Во училиштето успешно се реализираат часови од областа на меѓуетничката интеграција на младите. Во училиштето владее позитивна клима меѓу учениците којашто се надградува врз основа на меѓусебната соработка, доверба и почит. Не постојат конфликтни ситуации меѓу учениците и сите активности се реализираат по пат на договор. Образованието на наставниот кадар е клучно во успешната реализација на воспитно-образовниот процес. Квалитетот на наставниот кадар директно влијае на нивото на образовните резултати на секоја индивидуа. За таа цел, наставниот кадар во нашето училиште го следи трендот на постојано лично и професионално усовршување. Училиштето организира едукативни програми и работилници преку кои наставниот кадар се усоврушува . |

| | |
|---|---|
| активности<br><br>План и програми за работа на класните часови часови<br><br>Стручна служба психолог, педагог, дефектолог | **1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>Со цел на подобрување на квалитетот на наставата, во училиштето се интегрираат наставните планови и програми со карактеристиките и потребите на локалната средина преку постојана директна соработка, советот на родители, дописи, преку воннаставните активности: културни манифестации, посети, претстави, акции, спортски натпревари, проекти и сл. и со тоа ја подобруваат реализацијата на наставните планови и програми.<br>Училиштето го користи се она што го нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.<br>**1.2.3 Интегрирање меѓупредметните цели на образованието**<br>Општите, меѓупредметни цели-градење на сестрана, самоуверена, одговорна, толерантна личност која се грижи за своето мултикултурно општество и животната средина е цел на сите предмети во рамките на НПП. За таа цел се одржуваат работилници на класните часови, акции за еко-свест, меѓупредметна корелација на одредена општо прифатена цел во рамките на наставните планови и програми, во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.<br>**1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br>Постои програма за соработка со родители, но според спроведените анкети постои мислење дека родителите, наставниците и учениците во многу мал процент влијаат врз измени и дополнувања на наставните планови и програми. Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го потикнуваат критичкото мислење на учениците. Наставниците имаат најголема можност да влијаат врз начинот на реализациојата на наставните планови и програми, бидејќи од нивната креативност, интерес, желба и залагање како и максимално користење на ресурсите во училиштетои во локалната средина зависи успешната реализација на програмите. Учениците можат да влијаат врз начинот на реалзиацијата на наставните планови и програми преку нивната активност, заинтересираност и мотивираност. Родителите можат да влијаат на реализацијата на наставните планови и програми преку нивно учество на Совет на родители, родителски средби, со свои предлози, донации. |

## 1.3 Вонннаставни активности

*1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности*
*1.3.2. Опфат на учениците со воннаставните акривности*
*1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности*
*1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности*

| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Добиени информации |
|---|---|
| Изготвени стручни предавања од областа на здравственото образование.<br><br>Планови и програми за работа на слободните ученички активности | **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Училиштето реализира повеќе воннаставни активности, натпревари, екскурзии, грижа за здравјето, општествено-корисна работа. Достапно им е на машките и на женските ученици подеднакво, на учениците со посебни образовни потреби, без разлика на социјалната или етничка припадност. Придобивка од овие активности претставува тоа што учениците се мотивираат, доаѓа до израз нивната креативност, се развива натпреварувачкиот дух.<br>Целта на здравствената и физичка култура е изградување на зрела личност, треба да се развива и формира свеста кај учениците, за здравјето како основен извор за среќата на човекот. Посебно внимание ќе се посвети на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простори и училишниот двор. Училиштето има посебна задача во воспитувањето на младите за рамноправни и хумани односи меѓу половите.<br>Теоретската настава се изведуваше во училници и кабинети, а практичната обука и учење преку работа кај работодавач (за учениците од стручното образование) се изведуваше во ЗОО паркот, училишната економија, лабораториите во училиштето или други соодветни институции со кои училиштето има склучено договор. Континуирано во училиштето се реализираше и редовна, дополнителна, додатна, консултативна и подготвителна настава.<br>За ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците, според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбедат просторни и организациони услови за реализирање на слободните активности. За секоја секција одговорните наставници изработуваат програма за работа. Програмите за работа имаат ориентационен карактер со што се овозможува учениците самостојно да ги избираат содржините и да ја организираат и изведуваат активноста. Во училиштето работат следните слободни активности литературна; драмска и рецитаторска; еколошка; ликовна; музичка; секција за спорт; кактусарница; Инклузивниот хор на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Планови и програми за додатна настава | За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за оделни научни и наставни содржини ќе се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и и учество на учениците на натпревари. Додатна настава се одржува и за учениците од завршните години како подготовка за Државна матура, училишна матура и завршен испит. |
| Планови и програми за дополнителна настава | За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. Предметниот наставник е задолжен да изведува дополнителна настава ако по предметот се евидентираат негативни оценки. Секој предметен наставник задолжително треба да направи распоред за изведување на дополнителна настава и распределение за содржините и навреме да ги запознае. |
| Факултативана настава | Факултативна настава по наставниот план се реализира со учениците од четврта година од земјоделско – ветеринарната струка во сите профили . |
| Консултативна настава | Консултативна настава се организира за оние ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на одделни содржини од предметите кои учениците не ги изучувале, го менуваат профилот или струката или се упатени на поправен испит на годината. Консултативната настава се изведува и со учениците од завршните години со менторите за полагање на државна и училишна матура и завршен испит. Истата се изведува во училиштето редовно по договот со учениците како во однос на времето за нејзина реализација, така и според потребите на ученикот кои самиот ќе ги нагласи. Оваа настава се реализира на високо ниво. |
| Дневник за работа | |
| Феријална практика | Феријалната практика се реализира за учениците од земјоделско – ветеринарната струка. Се изведува според наставен план и програма по завршување на школската година во текот на летниот период. Преку феријалната практика на учениците им се овозможува теоретските знаења непосредно да ги поврзат со практиката и да се запознаат со задачите од делокругот на образовниот профил. Дел од феријалната практика се реализира во училиштето, а дел во фирми по склучен договор меѓу училиштето, родител-ученик и фирма.<br>Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците во училишната економија на училиштето и компании. Истата е задолжителна.<br><br>Учениците од стручно образование кои наставата ја следат по реформирано четиригодишно техничко образование во наставниот план имаат наставен предмет ,,Учење преку работа кај работодавач’’. Учење преку работа треба да се разбере како процес кој треба во иднина да се одржува и да се надградува, со цел да се излезе во пресрет на образовните потреби на младите, нивниот професионален и кариерен развој вклучувајќи самовработување и претприемништво. Учењето преку работа им дава можност на учениците да стекнаат соодветно иксуство преку извршување на работни задачи кај работодавач. За таа цел нашето училиште склучи меморандум за соработка со Трговски Друштва. |

| | |
|---|---|
| Записник во дневник за работа и годишна програма - Ученички екскурзии | Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења на учениците. Се планираат еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини и со културно–историските знаменитости на Република Македонија и земјите од Европа. Се организираат и стручни екскурзии. |
| Записници од работата на Училишната заедница | Во училиштето постојат ученичка заедница на паралелката и ученичка заедница на училиштето. Заедниците на учениците се значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат, заземаат ставови и донесуваат одлуки за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Целта на училишните заедници е поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање на што подобри резултати. |
| Општествено корисна работа – Годишна програма на училиштето | Целта на општествено-корисната работа е вклучување во општествениот живот развивање на љубов и позитивен однос кон работата, одговорност и почит кон работниот човек, кон основните работни навики умеење и вештини, правилно да се сфати улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот. |
| Програма за работа со деца со посебни образовни потреби | Педагошко–психолошко-дефектолошката служба изготвува програма за работа за деца со посебни потреби. Целта е индивидуален пристап и прилагодување на наставата кон потребите на учениците, препознавање на учениците и видот на попреченост, изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни потреби и подобрување на социјалниот и емоцијалниот статус на учениците.<br><br>**1.3.2. Опфат на учениците со вонаставните акривности**<br>Голем број ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивната етничка и верска припадност, нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите, мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето.<br>Во вонаставните активности исто така се вклучуваат и учениците од семејства со низок социо-економски статус и од различни етнички заедници. Нашето училиште ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат вонаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно ученици кои ќе се подготвуваат за општински, регионални и републички натпревари.<br><br>**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонаставните активности**<br>Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на вонаставните активности. Преку вонаставните |

| | |
|---|---|
| | активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област, со што се зголемува нивното искуство и се подобрува нивната лична благосостојба.<br>**1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Постигнатите резултати од учествата на натпревари, манифестации, саеми на виртуелни компании се објавуваат на веб страната на училиштето. |

**Графичко прикажување на сумираните резултати од анкетите на подрачјето**
**<u>Подрачје 1: Наставни планови и програми</u>**
**Прашалник за ученици**
Ве молиме да одговорите на следните прашања 1. Да 2. Не 3. Делумно
За анализа извршена е анкета со 50 ученици и добиени се следните резултати изразени во проценти (%)

| Реден број | Тврдење/исказ | Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наставните програми и содржини се во согласност со моите очекувања и интереси | 50,55 | 26.25 | 23.20 |
| 2. | Содржината во наставните програми е прилагодена на возраста на учениците и ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови и проектните активности на училиштето | 73,08 | 11,54 | 15,38 |
| 3. | Редовно посетувам дополнителна настава | 50,77 | 32,31 | 16,92 |
| 4. | Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни потреби | 87,69 | 2,54 | 9,78 |
| 5. | Постапката за избор на изборните предмети според наставниот план се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците | 75,00 | 8,08 | 16,92 |
| 6. | Училиштето планира и реализира воннаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците | 75,00 | 15,78 | 9,23 |
| 7. | Во воннаставните активности се вклучени ученици со посебни образовни потреби | 75,38 | 12,23 | 12,38 |
| 8. | Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор | 67,69 | 7,69 | 24,62 |
| 9. | Наставниците го развиваат мојот натпреварувачки дух и ме охрабруваат да учествувам на натпревари | 73,85 | 10,78 | 15,38 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Училиштето редовно ги промовира воннаставните активности ( преку медиуми, училишен весник и слично ) | 75,23 | 19,85 | 16,92 |

**<u>Наставни планови и програми</u>**
**Прашалник за родители**
Ве молиме да одговорите на следните прашања
1. Да 2. Не 3. Не знам

За анализа извршена е анкета со 23 родители и од прашалникот се добиени следните резултати изразени во %

| Реден бр | Тврдење/исказ | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Редовно сте информирани со целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето | 80.48 | 0 | 19,52 |
| **2.** | Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни потреби | 70,95 | 0 | 29,05 |
| **3.** | Знаењата што ги стекнува моето дете ќе му користат за понатамошното школување, вработување и за животот воопшто | 85,15 | 0 | 14,85 |
| **4.** | Постапката за избор на изборните предмети според наставниот план се применува во целост со доследно почитување на потребите и барањата на учениците | 85,71 | 0 | 14,29 |
| **5.** | Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови и проектните активности на училиштето | 85,00 | 0 | 15,00 |
| **6.** | Информиран/а сум за реализирањето на дополнителна/додатна настава по сите предмети во училиштето | 82.00 | 0 | 18,00 |
| **7.** | Информиран/а сум за проектите што се реализираат со ученици во и надвор од училиштето | 82,00 | 0 | 18,00 |
| **8.** | Училиштето редовно ги промовира воннаставните активности (преку медиуми, училишен весник и слично ) | 90,24 | 0 | 9,76 |

**<u>Подрачје</u>**
**<u>1: Наставни планови и програми</u>**
**Прашалник за наставници**
Ве молиме да одговорите на следните прашања
1. Да 2. Не 3. Делумно

За анализа извршена е анкета со 36 наставнисі и добиени се следните резултати изразени во проценти (%):

| Реден број | Тврдење/исказ | Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Наставата ја реализирам согласно наставните програми одредени од МОН (БРО) на РСМ | 100 | 0 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Наставните содржини ги прилагодувам на нивото на знаење на учениците | 95,24 | 0 | 4,76 |
| **3.** | Наставните програми и содржини овозможуваат да се исполнат очекувањата и интересите на ученикот | 42,86 | 0 | 57,15 |
| **4.** | Применувам ИКТ во наставниот процес и разновидни техники за реализација на наставата и располагам со наставни средства и помагала кои им овозможуваат на учениците полесно совладување на наставната содржина | 71,43 | 0 | 28,57 |
| **5.** | Ги земам во предвид разликите на учениците во напредокот, знаењето и можностите за совладување | 96,00 | 0 | 4,00 |
| **6.** | Наставните содржини ги поврзувам со практична примена и потребите на пазарот на трудот | 76,19 | 9,52 | 14,28 |
| **7.** | Редовно и успешно реализирам дополнителна настава | 78.22 | 7,76 | 14,02 |
| **8.** | Редовно и успешно реализирам додатна настава | 52,38 | 0 | 47,62 |
| **9.** | Применувам изготвени критериуми за оценување на учениците | 85,22 | 0 | 14,78 |

**ПОДРАЧЈЕ БР. 1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

1. Индикатор за квалитет

1.1 Реализација на наставните планови и програми

- Редовно сте информирани со целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 80.48 | 0 | 18.52 | 5055 | 26.25 | 23.20 | 100 | 0 | 0 |




Графикон 1. Информираност со целите на наставните планови и програми

- Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни програми

| Родители | | | Ученици | | | Наставници | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 70,95 | 0 | 29,05 | 87,69 | 2,54 | 9,78 | 96,00 | 0 | 4,00 |




Графикон 2. Приспособени наставни планови и програми за деца со посебни потреби

Во однос на реализацијата на наставните планови и програми анкетата покажува дека најголем дел од родителите, учениците и наставниците се задоволни од:

- реализацијата, односно информираноста за наставните планови и програми,
- наставните програми се адаптираат за децата со посебни образовни потреби,
- постапката за избор на изборни предмети се врши според интересот на учениците,
- училиштето нуди разни програми.

1.Индикатор за квалитет
1.2 Квалитет на наставните планови и програми

- знаењата што ги стекнуваат учениците им користат за понатамошното школување, вработување и за животот воопшто.

| Родители | | |
|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 85.15 | 0 | 14.85 |




Графикон 4. Квалитет на наставните планови

- Во однос на квалитетот на наставните планови и програми од сите анкетирани родители 85,15% се согласуваат дека наставните планови и програми се квалитетни.

1.Индикатор за квалитет
1.3 Воннаставни активности

- Училиштето планира и реализира вonнаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците

| **Родители** | | | **Ученици** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 85.00 | 0 | 15.00 | 75.00 | 15.78 | 9.23 |




Графикон 5. Вонnаставните активности ги задоволуваат потребите на учениците

- Во вonнаставните активности се вклучени ученици со посебни образовани потреби

| **Ученици** | | |
|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Не знам** |
| 75.38 | 12.23 | 12.38 |




Графикон 6. Учениците со ПОП учествуваат во воннаставни активности

- Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор

| Ученици | | |
| --- | --- | --- |
| Да | Не | Не знам |
| 67.69 | 7.69 | 24.62 |




Графикон 7. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор

Во однос на примена на воннаставните активности од анкетираните ученици, и родители најголемиот дел се согласуваат дека училиштето планира и реализира воннаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците, во воннаставните активности се вклучени ученици со посебни образовани потреби, учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор, како и дека училиштето редовно ги промовира воннаставните активности.

## Резиме и заклучоци од подрачјето наставни планови и програми

**Клучни јаки страни:**

- Целосно испланирани и реализирани наставни планови и програми (според МОН).
- Редовно водење на педагошка документација.
- Наставниит кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Во рамките на слободните часови/проектни активности, содржини програмирани од училиштето, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од

разни области, вклучително и програми за стекнување знаења и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието, како и еколошки стандарди за одржлив развој и еколошкитеми .

- Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат во училиштето, на општинско, регионално, државно или на меѓународнониво
- Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки на однесување на учениците.
- Активен пристап во сите понудени современи компоненти на наставата
- Учество на сите натпревари на локално, градско и државно ниво.
- Им се овозможува на сите наставници присуство на интерни и екстерни семинари, обуки, работилници.
- Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.
- Подготвеност за осовременување на наставата.
- Изготвување на индивидуални образовни планови за ученици со посебни потреби.

**Слаби страни:**

- Учениците имаат премногу редовни предмети, а малку време за воннаставни активности.
- По одделни предмети наставата ја реализира несоодветен стручен кадар.
- Мал процент на реализирана дополнителна и додатна настава.
- Слаб интерес кај родителите за учество во активностите во училиштето.

**Идни активности:** приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

1. Да се зголеми процентот на реализирана додатна и дополнителна настава.
2. Подобри материјално-технички услови за реализација на наставните планови и програми .
3. Подобрување на редовноста на учениците.

Изработил,
Педагог, Оливера Величковска

## 2.Подрачје на вреднување ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:
**2.1 Постигања на учениците;**
**2.2 Задржување/осипување на учениците;**
**2.3 Повторување на учениците;**
Овие индикатори ги опфаќаат следниве теми:

**2.1 Постигања на учениците:**
*2.1.1. Следење на постигања на учениците од различен пол и јазик на наставата по наставни предмети и по квалификациони периоди*
*2.1.2. Подобрување на постигања на учениците*
*2.1.3. Детектирање и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, нанадаренитеученици и на учениците со посебни образовни потреби*
*2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава*
*2.1.5. Следење на хоризонтално и вертикално движење*
*2.1.6. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците*

| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Добиени информации |
|---|---|
| Училишни програми;<br>извештаи од сите квалификациони периоди;<br>извештаи од стручната служба на училиштето;<br>анализи на успехот;<br>записници од наставнички совети;<br>резултати од интерни оценувања;<br>разговори со професори;<br>дневници;<br>евидентни листи;<br>програми за дополнителна и додатна настава;<br>анкети со наставниците, родителите и учениците | **2.1.1. Следење на постигања на учениците од различен пол и јазик на наставата по наставни предмети и поквалификациони периоди**<br>- Училиштето ги следи постигањата на учениците во текот на целата година по завршувањето на секој квартален период по наставни предмети, поведение, редовност, пол, етничка припадност. Во училиштето наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Податоците добиени од извештаите од стручната служба укажуваат на тоа дека во текот на целата година податоците за успехот на учениците се внесуваат во дневникот на паралелката, а класните раководители уредно ги внесуваат во евидентните листи и листите за пресметување на успехот добиени по завршувањето на квалификационите периоди. Стручната служба потоа ги обработува овие податоци и приложува извештаи на наставничките совети.<br>**2.1.2. Подобрување на постигања на учениците**<br>- За постигањата на учениците и за нивното подобрување првенствено се дискутира на часовите на раководителите на паралелката, а потоа и на наставничките совети и на советите на паралелка при што се разменуваат мислења како тие да се подобрат во корист на учениците. Исто така, за подобрување на постигањата на учениците се разговара и на активите при што наставниците заедно споделуваат искуства и изнаоѓаат решенија како да се надминат проблемите кај одредени ученици. Во текот на учебната |

| | |
|---|---|
| | година, податоците добиени од постигањата на учениците уредно се пресметуваат и се внесуваат во листи добиени од стручната служба. Потоа истите податоци се обработуваат од стручната служба и се врши споредба со постигањата за одреден квалификационен период со изминатата учебна година за да се види дали има подобрување во успехот, редовноста или поведението или пак се забележува пад во истите наведени елементи.<br>**2.1.3. Детектирање и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br>- Разговорите со стручната служба и родителите помагаат наставниците поуспешно да ги идентификуваат учениците со посебни образовни потреби при што се согледувааат проблемите, потешкотиите или пак напредокот кај одредени ученици и начинот за нивно подобрување или надминување. За учениците со посебни образовни потреби наставниците изработуваат посебни програми по соодветните предмети, а за учениците со потешкотии во учењето програма за дополнителна настава. За надарените и талентираните ученици се изработува програма за додатна настава со цел да се подобри или усоврши квалитетот на знаењето кај тие ученици и се испраќаат на натпревари за да го покажат и докажат својот квалитет. При добивање на награди, учениците се стекнуваат со пофалници и од училиштето, бидејќи придонесуваат во негова афирмација. За првенецот на генерација, училиштето формира комисија при што учениците аплицираат со потребни документи кои се разгледуваат од формираната комисија за на крај да се избере еден на којшто му следува соодветна награда за вложениот труд во четиригодишното образование.<br>**2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>- За подобрување на постигањата на учениците, наставниците им даваат поддршка на учениците во текот на целата учебна година, особено на учениците со потешкотии во учењето. За нив се изработува и програма за дополнителна настава при што се избираат активности соодветни на нивните можности и потреби. Дополнителната настава значително го подобрува успехот кај учениците со тоа што однапред се планира и се реализира во текот на целата учебна година во согласност со потребите на учениците, а и во согласност со времето на располагање кое го имаат, бидејќи дел од учениците доаѓаат од руралните средини и се јавува проблем со превозот, но наставниците се обидуваат да ги надминат овие препреки и истата да се изведе заради подобрување на квалитетот на знаењето на учениците. Училиштето реализира и дополнителна настава на крајот на учебната |

| | |
|---|---|
| | година за сите ученици кои се упатени на поправен испит по определени предмети. Додатната настава, пак, исто така се планира и реализира во текот на учебната година при што наставниците ги подготвуваат учениците за одредени натпревари што престојат во текот на учебната година или пак им даваат инструкции и задачи за усовршување на одредени вештини кои учениците ги поседуваат. За дополнителната и додатната настава се известуваат и родителите на првата родителска средба, а и на приемните денови што ги организира училиштето се со цел да се подобри квалитетот на постигањата на учениците, а да се намали слабиот успех кај истите.<br>**2.1.5. Следење хоризонтално и вертикално движење**<br>- Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонтално движење на учениците. Исто така, како стручно училиште, им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка. Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето треба да изнајде начин за да ја подобри својата стратегија за реализација на поставената задача. Потребно е да се утврди колку од учениците продолжуваат со високо образование, а колку остануваат само со гимназиско или стручно образование.<br>**2.1.6. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**<br>- Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. |

**<u>2.2 Задржување/осипување на учениците</u>**

*2.2.1. Опфат на учениците*
*2.2.2. Редовност во наставата*
*2.2.3. Намалување на бројот (осипување) на учениците*
*2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго*

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Записници од стручната служба;<br><br>Извештаи од спроведени советувања и посетеност на истите; | **2.2.1. Опфат на учениците**<br>- Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици, вклучувајќи и услови за запишување на ученици со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности за остварување на подобри резултати при запишувањето ученици (кампањи, презентации во основните училишта, соработка со надлежните институции, локалната заедница, |

| | |
|---|---|
| Записници за изрекување на педагошки мерки;<br><br>Записници од родителски средби;<br><br>Записници од приемни денови;<br><br>Разговор со директорот на училиштето;<br><br>Разговор со стручната служба;<br><br>Извештаи од испишани ученици во текот на учебната година;<br><br>Педагошка евиденција;<br><br>Извештаи за испишани ученици во текот на учебната година заради премин; | граѓански организации). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици.<br><br>**2.2.2. Редовност во наставата**<br>- Во училиштето систематски се следи редовноста на учениците во текот на учебната година, особено од страна на раководителите на паралелките, стручната служба и директорот на училиштето. Стручната служба изработува извештаи за редовноста и поведението на учениците според податоците добиени од извештаите и дневниците на паралелка. Исто така, стручната служба располага и со податоци за ученици испратени на испит на година и за учениците кои самоволно ја напуштиле наставата. Училиштето постојано соработува со родителите за да се зголеми редовноста на учениците и да се намали бројот на изостаноци по ученик, а со тоа да се подобри и успехот во училиштето. Стручната служба исто така располага и со извештаи за спроведено советување на родители и за посетеноста на родителите на истите. Преку советувањето на родители, училиштето се залага за зајакнување на врската меѓу родителите и учениците, а воедно и за јакнење на довербата меѓу училиштето и родителите. Училиштето одржува родителски средби 4 пати во годината со што се поттикнува соработката меѓу наставниците и родителите, а воедно и секој наставник организира приемен ден на кој родителите имаат можност да се информираат за постигнувањата на учениците.<br><br>**2.2.3. Осипување на учениците**<br>**-** Училиштето го следи одливот и приливот на учениците во сите паралелки во текот на една учебна година. Во последните две учебни години се забележува голем пад во приливот на ученици во прва година, а во одредена мера и во останатите години од образованието. Исто така доколку има одлив, се дискутираат и анализираат причините на наставничките совети во текот на учебната година. Училиштето презема мерки за намалување на одливот на ученици, како и зголемување на приливот на учениците како во прва година од образованието, така и во останатите.<br><br>**2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>- Училиштето ја почитува постапката и ја исполнува законската постапка и успешно ја реализира задачата при премин од едно во друго училиште. Раководителите на паралелката уредно ги подготвуваат документите доколку учениците заминуваат во друго училиште. |

**2.3.Повторување на учениците**

*2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината*

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| Анализа на успехот на учениците;<br><br>Разговори со учениците;<br><br>Разговори со стручната служба;<br><br>Записници и извештаи од стручната служба | **2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината**<br><br>Од разгледаните извештаи може да се заклучи дека во учебната 2023/2024 3 ученика ја повториле годината, а во учебната 2024/2025 12 ученици ја повториле годината. Училиштето постојано ги следи учениците со послаб успех и презема мерки за подобрување на успехот, но незаинтересираноста на одредени ученици, а и родителите, придонесува за повторување на годината. |

**<u>Истражување на тема *Постигања на учениците*</u>**

<u>Предмет и цели на спроведената анкета</u>

Предмет на ова истражување е да се разгледа квалитетот на знаењето, мотивираноста и вредностите кои ги поседува ученикот, квалитетот на знаењата, мотивираноста и вредносите кои ги поседува ученикот но од гледна точка на наставникот и квалитетот на знаењето од гледна точка на родителот. Целта на истражувањето е да се добие увид во мислењето на учениците, родителите и наставниците за квалитетот на знаењата на учениците, постигањата, успехот, ангажираноста на наставниците за подобрување на истите и вредностите кои ги поседуваат самите ученици.

Истражувањето се состои од анкета спроведена кај учениците, родителите и наставниците. Анкетата се состои од прашања од затворен тип со три понудени одговори. При анкетирање се анкетираа 22 ученици, 28 родители и 15 наставници. Анализата на податоци содржи анализа на прашалникот за ученици, родители и професори.

**<u>Прашалник за ученици</u>**

Ве молиме да одговорите на следниве прашања означувајќи со X за секое од наведените тврдења според следнава скала

1 – не се согласувам

2 – делумно се согласувам

3 – целосно се согласувам

| | 1 | 2 | 3 | Неодг. |
|---|---|---|---|---|
| 1. Знаењата стекнати на училиште можам да ги употребам во секојдневните и во идни професионални ситуации | | | | |
| 2. Училишните знаења ми помагаат во осамостојувањето и иницијативноста | | | | |
| 3. Училишните знаења ми се доволни за да можам веднаш да се вклучам во работен однос за којшто се образувам | | | | |
| 4. Знаењата здобиени на училиште ми овозможуваат (без | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| додатна настава) да одговорам на барањата на наставникот (домашни задачи, контролни тестови, проектни задачи) | | | | |
| 5. Наставникот ме поттикнува да развивам критичко размислување и вештини за аргументирање на своите ставови | | | | |
| 6. Знаењата од редовната настава се доволни за да се натпреварувам на општинско и државно ниво | | | | |
| 7. Запознаен сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето | | | | |
| 8. Запознаен сум со активностите (натпревари, работилници, проекти) кои се организираат надвор од училиштето | | | | |
| 9. Доброволно одлучувам во која училишна секција ќе се приклучам | | | | |
| 10. Часовите од додатната настава и секцијата ги збогатуваат и усовршуваат моите знаења и умеења | | | | |
| 11. Наставникот ме охрабрува да учествувам на натпревари | | | | |
| 12. Наставникот постојано ми помага и се вложува при учество на натпревар | | | | |
| 13. Ги почитувам правилата за однесување во училиштето и при работата на часот | | | | |
| 14. Свесен сум за влијанието кое врсниците го имаат меѓусебе и за позитивното влијание кое може да се оствари со личниот пример и став | | | | |
| 15. Предрасудите за себе и за другите можат негативно да влијаат врз односите меѓу луѓето | | | | |
| 16. Учествувам во животот на училиштето и локалната заедница | | | | |

Резултати по прашање:

1. Знаењата стекнати на училиште можам да ги употребам во секојдневните и во идни професионални ситуации

22 responses



2. Училишните знаења ми помагаат во осамостојувањето и иницијативноста
22 responses




3. Училишните знаења ми се доволни за да можам веднаш да се вклучам во работен однос за којшто се образувам
22 responses




4. Знаењата здобиени на училиште ми овозможуваат (без додатна настава) да одговорам на барањата на наставникот (домашни задачи, контролни тестови, проектни задачи)
22 responses



5. Наставникот ме поттикнува да развивам критичко размислување и вештини за аргументирање на своите ставови

22 responses




6. Знаењата од редовната настава се доволни за да се натпреварувам на општинско и државно ниво

22 responses




7. Запознаен сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето

22 responses



8. Запознаен сум со активностите (натпревари, работилници, проекти) кои се организираат надвор од училиштето

22 responses




9. Доброволно одлучувам во која училишна секција ќе се приклучам

22 responses




10. Часовите од додатната настава и секцијата ги збогатуваат и усовршуваат моите знаења и умеења

22 responses



11. Наставникот ме охрабрува да учествувам на натпревари

22 responses




12. Наставникот постојано ми помага и се вложува при учество на натпревар

21 responses




13. Ги почитувам правилата за однесување во училиштето и при работата на часот

22 responses



14. Свесен сум за влијанието кое врсниците го имаат меѓу себе и за позитивното влијание кое може да се оствари со личниот пример и став

22 responses




15. Предрасудите за себе и за другите можат негативно да влијаат врз односите меѓу луѓето

22 responses




16. Учествувам во животот на училиштето и локалната заедница

22 responses




**<u>Прашалник за наставниците</u>**

Ве молиме да одговорите на следниве прашања означувајќи со X за секое од наведените тврдења според следнава скала

1 – не се согласувам

2 – делумно се согласувам

3 – целосно се согласувам

| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| 1. Знаењата стекнати на мојот час им помагаат на учениците да се снајдат во секојдневните животни ситуации во приватниот живот и во идната професионална кариера | | | |
| 2. Знаењата стекнати од мојот предмет им помагаат на учениците во осамостојувањето и иницијативноста | | | |
| 3. Моите ученици се способни да ги поврзуваат знаењата од мојот предмет со знаења од други наставни предмети | | | |
| 4. Училишните знаења се доволни за да можат учениците веднаш да се вклучат во работен однос за којшто се образуваат | | | |
| 5. Знаењата здобиени на мојот час му се доволни на ученикот (без додатна настава) да одговори на потребните барања (домашни задачи, контролни тестови, проектни задачи) | | | |
| 6. Ги поттикнувам учениците да развиваат критичко размислување и вештини за аргументирање на своите ставови | | | |
| 7. Континуирано го следам напредокот кај учениците | | | |
| 8. Употребувам различни методи и техники на работа | | | |
| 9. Употребувам бројни средства и помагала за да ја одржам мотивацијата кај учениците во текот на целиот час | | | |
| 10. Давам додатни објаснувања на барање на учениците | | | |
| 11. Ги поттикнувам учениците да развиваат свои идеи за подобрување на мојот час | | | |
| 12. Ги охрабрувам учениците на самостојно усовршување на дополнителни задачи и вештини | | | |
| 13. На учениците им упатувам дополнителна литература за постигнување на пошироки знаења | | | |
| 14. Ги предупредувам учениците за негативните ефекти на предрасудите врз односите меѓу луѓето | | | |
| 15. Ги поттикнувам учениците активно да учествуваат во животот на училиштето и локалната заедница | | | |

## Резултати по прашање

1. Знаењата стекнати на мојот час им помагаат на учениците да се снајдат во секојдневните животни ситуации во приватниот живот и во идната професионална кариера

15 responses



2. Знаењата стекнати од мојот предмет им помагаат на учениците  во осамостојувањето и иницијативноста

15 responses




3. Моите ученици се способни да ги поврзуваат знаењата од мојот предмет со знаења од други наставни предмети

15 responses




4. Училишните знаења се доволни за да можат учениците веднаш да се вклучат во работен однос за којшто се образуваат

15 responses



5. Знаењата здобиени на мојот час му се доволни на ученикот (без додатна настава) да одговори на потребните барања (домашни задачи, контролни тестови, проектни задачи)

15 responses




6. Ги поттикнувам учениците да развиваат критичко размислување и вештини за аргументирање на своите ставови

15 responses




7. Континуирано го следам напредокот кај учениците

15 responses



8. Употребувам различни методи и техники на работа

15 responses




9. Употребувам бројни средства и помагала за да ја одржам мотивацијата кај учениците во текот на целиот час

14 responses




10. Давам додатни објаснувања на барање на учениците

15 responses



11. Ги поттикнувам учениците да развиваат свои идеи за подобрување на мојот час

15 responses




12. Ги охрабрувам учениците на самостојно усовршување на дополнителни задачи и вештини

15 responses




13. На учениците им упатувам дополнителна литература за постигнување на пошироки знаења

15 responses



14. Ги предупредувам учениците за негативните ефекти на предрасудите врз односите меѓу луѓето
15 responses




15. Ги поттикнувам учениците активно да учествуваат во животот на училиштето и локалната заедница
15 responses




**<u>Прашалник за родители</u>**

Ве молиме да одговорите на следниве прашања означувајќи со X за секое од наведените тврдења според следнава скала

1 – не се согласувам

2 – делумно се согласувам

3 – целосно се согласувам

| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| 1. Знаењата кои моето дете ги стекнува во училиште му помагаат подобро да се снајде во сегашни и идни приватни и професионални ситуации | | | |
| 2. Училишните знаења му помагаат на моето дете во осамостојување и иницијативност | | | |
| 3. Училишните знаења му се доволни на моето дете да може веднаш да се вклучи во работен однос за којшто се образува | | | |
| 4. Знаењата постигнати во училиште се доволни за да може да одговори на барањата на наставникот | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Училишните знаења се доволни за да може моето дете да учествува на одреден натпревар | | | |
| 6. Моето дете ги проширува своите интереси при вклучување во воннаставни активности | | | |
| 7. Иновативноста на наставникот придонесува за зголемување на интересот на учење на моето дете | | | |
| 8. Наставникот секогаш дава дополнителни објаснувања на барање на моето дете | | | |
| 9. Наставата за учениците со посебни потреби е прилагодена според програмата | | | |
| 10. Додатната настава го збогатува знаењето на моето дете | | | |
| 11. Барањата на наставникот позитивно влијаат на моето дете | | | |
| 12. Моето дете ги почитува правилата за однесување во училиштето и при работата на часот | | | |
| 13. Моето дете активно учествува во животот на училиштето и локалната заедница | | | |

**Резултати по прашање**

1. Знаењата кои моето дете ги стекнува во училиште му помагаат подобро да се снајде во сегашни и идни приватни и професионални ситуации

28 responses



2. Училишните знаења му помагаат на моето дете во осамостојување и иницијативност

28 responses




3. Училишните знаења му се доволни на моето дете да може веднаш да се вклучи во работен однос за којшто се образува

28 responses




4. Знаењата постигнати во училиште се доволни за да може да одговори на барањата на наставникот

28 responses



5. Училишните знаења се доволни за да може моето дете да учествува на одреден натпревар

28 responses




6. Моето дете ги проширува своите интереси при вклучување во вонаставни активности

28 responses




7. Иновативноста на наставникот придонесува за зголемување на интересот на учење на моето дете

28 responses



8. Наставникот секогаш дава дополнителни објаснувања на барање на моето дете

28 responses




9. Додатната настава го збогатува знаењето на моето дете

28 responses




10. Барањата на наставникот позитивно влијаат на моето дете

28 responses



11. Моето дете ги почитува правилата за однесување во училиштето и при работата на часот
28 responses




12. Моето дете активно учествува во животот на училиштето и локалната заедница
28 responses




## **Анализа на податоци**

Прашалник за ученици

На тврдењето *„Знаењата стекнати на училиште можам да ги употребам во секојдневните и во идни професионални ситуации“*, 50% од испитаниците целосно се согласуваат, а исто толкав број делумно се согласуваат. Во однос на тврдењето *„Училишните знаења ми помагаат во осамостојувањето и иницијативноста“*, најголем дел од учениците (63.6%) делумно се согласуваат. За тоа дали училишните знаења се доволни за веднаш да се вклучат во работен однос, 45.5% од испитаниците делумно се согласуваат. Ова укажува на умерен степен на подготвеност за вклучување во работна средина по завршување на образованието. Поголемиот дел од учениците (63.6%) целосно се согласуваат дека знаењата здобиени на училиште се доволни за одговарање на барањата на наставниците (домашни задачи, тестови, проекти). Во врска со тврдењето дека наставникот поттикнува критичко размислување и аргументирање, 54.5% од учениците делумно се согласуваат. На прашањето дали знаењата од редовната настава се доволни за натпреварувања на општинско и државно ниво, 54.5%

делумно се согласуваат. Во врска со информираноста за вонnаставни активности во училиштето, 45.5% се целосно запознаени, а исто толку и делумно. Само 9.1% не се запознаени. 59.1% целосно се согласуваат дека се запознаени со активностите надвор од училиштето (работилници, проекти, натпревари). Најголем дел од учениците (68.2%) целосно се согласуваат дека доброволно избираат училишна секција, што укажува на слободен избор во ангажманот во воннаставни активности. За тврдењето *„Часовите од дополнителната настава и секцијата ги збогатуваат моите знаења и умеења“*, 54.5% се делумно согласуваат. Во врска со охрабрување за учество на натпревари од страна на наставникот, 54.5% целосно се согласуваат. За тоа дали наставникот помага при учество на натпревари, 57.1% целосно се согласуваат, што покажува високо ниво на поддршка од наставникот. На тврдењето *„Ги почитувам правилата на училиштето и при работата на часот“*, 81.8% одговориле дека целосно се согласуваат, а 18.2% делумно – што е охрабрувачки податок за дисциплината. Во однос на свесноста за *„врсничко влијание и личен пример“*, 63.6% целосно се согласуваат, а 36.4% делумно. За последното тврдење *„Предрасудите за себе и другите можат негативно да влијаат врз односите меѓу луѓето“*, 54.5% целосно се согласуваат, а 40.9% делумно – што говори за високо ниво на свест за социјалните односи. На последното прашање *„Учествувам во животот на училиштето и локалната заедница“*, 50% од учениците целосно се согласуваат, 45.5% делумно, а само 4.5% не се согласуваат.

Прашалник за наставници

На тврдењето *„Знаењата стекнати на мојот час им помагаат на учениците да се снајдат во секојдневните животни ситуации во приватниот живот и идната професионална кариера“*, 60% од наставниците целосно се согласуваат, а 40% делумно, што укажува на високо ниво на уверување во применливоста на наставата. Во однос на тврдењето *„Знаењата стекнати од мојот предмет им помагаат на учениците во осамостојувањето и иницијативноста“*, 53.3% целосно се согласуваат, а 46.7% делумно, без ниту еден негативен одговор. Поголемиот дел од наставниците (66.7%) сметаат дека учениците можат да ги поврзат знаењата од нивниот предмет со други предмети, додека 26.7% делумно се согласуваат и само 6.7% не се согласуваат. Кога станува збор за тоа дали училишните знаења се доволни за учениците веднаш да се вклучат во работен однос, 53.3% одговориле дека делумно се согласуваат, 40% целосно, а 13.3% не се согласуваат – што укажува на потреба од дополнителна подготовка во некои случаи. На тврдењето *„Знаењата здобиени на мојот час му се доволни на ученикот да одговори на потребните барања (домашни задачи, контролни тестови, проектни задачи)“*, дури 73,3% целосно се согласуваат, а 26,7% делумно, што покажува силна самодоверба во ефективноста на наставата. Во однос на развојот на критичко размислување и аргументирање, 80% од наставниците целосно се согласуваат дека ги поттикнуваат учениците во оваа насока. Дури 86.7% од наставниците континуирано го следат напредокот на учениците, а преостанатите 13.3% делумно се согласни со ова тврдење. На тврдењето *„Употребувам различни методи и техники на работа“*, 80% целосно се согласуваат, а 20% делумно, без ниту еден негативен одговор. Во однос на употребата на средства и помагала за мотивација, 71.4% целосно се согласуваат, а 28.6% делумно – што укажува на висок, но не апсолутен степен на разновидност во наставниот пристап. Најголемиот дел од наставниците (93.3%)

даваат дополнителни објаснувања на барање на учениците, што укажува на отвореност и подготвеност за индивидуална поддршка. 80% од наставниците целосно се согласуваат дека ги поттикнуваат учениците да развиваат идеи за подобрување на наставата, а 20% делумно се согласуваат. Во врска со самостојното усовршување и работата на дополнителни задачи и вештини, 86.7% од наставниците целосно ги охрабруваат учениците. Поголемиот дел од наставниците (80%) упатуваат на дополнителна литература за пошироки знаења. На тврдењето *„Ги предупредувам учениците за негативните ефекти на предрасудите врз односите меѓу луѓето"*, дури 93.3% целосно се согласуваат, што укажува на висока педагошка и социјална одговорност. Исто така, 93.3% од наставниците целосно се согласуваат дека ги поттикнуваат учениците да учествуваат во животот на училиштето и заедницата, а само 6.7% делумно – што покажува голема ангажираност за вклучување на учениците во пошироки образовни и општествени контексти.

Прашалник за родители

На тврдењето *„Знаењата кои моето дете ги стекнува во училиште му помагаат подобро да се снајде во сегашни и идни приватни и професионални ситуации"*, 67.9% од родителите целосно се согласуваат, а 32.1% делумно, додека нема одговори во несогласување, што покажува висока доверба во квалитетот на наставата. Во однос на тврдењето *„Училишните знаења му помагаат на моето дете во осамостојување и иницијативност"*, 60,7% целосно се согласуваат. На прашањето дали училишните знаења се доволни за нивните деца веднаш да се вклучат во работен однос за којшто се образува, 67.9% од родителите делумно се согласуваат, 25% целосно, а 7.1% не се согласуваат – што укажува на умерена сигурност во практичната применливост на знаењата. Кога станува збор за тоа дали *постигнатите знаења се доволни за да се одговорат на барањата на наставникот*, 64.3% од родителите целосно се согласуваат. 53.6% од родителите целосно се согласуваат дека знаењата се доволни за учество на натпревари. Голем дел од родителите (75%) сметаат дека нивното дете ги проширува интересите преку воннаставни активности. Во однос на иновативноста на наставникот, дури 89.3% од родителите целосно се согласуваат дека таа позитивно влијае врз интересот за учење кај нивното дете.

Што се однесува до дополнителните објаснувања на барање на ученикот, 71.4% од родителите целосно се согласуваат дека наставникот го прави тоа, 21.4% делумно, а 7.1% не се согласуваат. На тврдењето *„Додатната настава го збогатува знаењето на моето дете"*, 85.7% целосно се согласуваат, а 14.3% делумно. Нема негативни одговори. Во однос на тоа дали барањата на наставникот позитивно влијаат на ученикот, 75% одговориле со целосно согласување, 21.4% делумно, а само еден родител не се согласува.

Што се однесува до почитувањето на правилата на однесување, 78.6% од родителите потврдиле дека нивното дете ги почитува целосно, а 21.4% делумно. Нема ниту еден одговор со несогласување. Конечно, на тврдењето *„Моето дете активно учествува во животот на училиштето и локалната заедница"*, 67.9% целосно се согласуваат.

**Резиме и заклучоци од подрачјето постигања на учениците**

При спроведувањето на самоевалуацијата за Подрачје 2 – *Постигнувања на учениците*, беа анкетирани ученици, наставници и родители во СУГС „Браќа Миладиновци“. Анкетата се базираше на индикаторите поврзани со применливоста на знаењата, нивното влијание врз осамостојувањето на учениците, подготовката за вработување, како и вклученоста во дополнителни активности и натпревари.
Од анкетата со **учениците** произлегува дека 50% целосно, а 50% делумно се согласуваат дека знаењата стекнати во училиште се применливи во секојдневни и идни професионални ситуации. Слична распределба се забележува и во одговорите за нивната улога во осамостојувањето и иницијативноста. Сепак, само 40.9% целосно се согласуваат дека знаењата се доволни за веднаш да се вклучат во работен однос, што укажува на простор за подобрување на практичните компетенции. Од друга страна, поголем дел од учениците сметаат дека стекнатите знаења се доволни за извршување на задачите на наставникот (тестови, проекти, домашни работи), што покажува одредено задоволство од основното ниво на подготвеност.
Анкетата со **наставниците** покажа висока самодоверба во квалитетот на наставата: повеќето целосно се согласуваат дека учениците можат да ги извршуваат задачите без дополнителна поддршка, развиваат критичко мислење, се мотивираат преку иновативност, и добиваат поддршка за учество во натпревари. Дури 93.3% од наставниците изјавиле дека даваат дополнителни објаснувања на барање на ученикот, а 86.7% ги поттикнуваат на самостојно усовршување. Сепак, на прашањето дали учениците се доволно подготвени за работен однос, само 40% целосно се согласуваат – што се совпаѓа со ставовите на учениците и родителите.
Одговорите на **родителите** генерално се во согласност со ставовите на наставниците и учениците. На пример, повеќето целосно се согласуваат дека знаењата му помагаат на нивното дете во приватни и професионални ситуации и сметаат дека се доволни за да одговори на барањата на наставникот. Сепак, само 25% сметаат дека знаењата се доволни за вклучување во работен однос, што е најниска стапка во однос на ова прашање меѓу сите три групи. Позитивен е податокот што голем дел од родителите целосно се согласуваат дека додатната настава го збогатува знаењето на нивното дете и дека ги почитува правилата на однесување.
**Заклучоци:**
Сите три групи учесници препознаваат позитивни аспекти од наставниот процес – како што се развојот на критичко мислење, мотивацијата на учениците и нивната вклученост во вонаставни активности. Сепак, постои умерена несигурност во однос на практичната подготвеност на учениците за вработување по завршување на образованието. Ова укажува на потреба од дополнително зајакнување на практичните содржини во наставата, како и поголема интеграција со реални професионални ситуации. Наставниците демонстрираат подготвеност за прилагодување и дополнителна поддршка, а родителите ја препознаваат таа ангажираност. Продолжување на соработката меѓу наставниот кадар, учениците и родителите останува клучно за натамошно унапредување на постигнувањата.

**Клучни јаки страни**

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;
- Навремено известување на родителите за напредокот на учениците, но и за нередовноста и поведението
- Висока согласност кај наставниците дека ги поттикнуваат учениците на критичко размислување, самостојност и аргументација, што е потврдено и од учениците и родителите.
- Позитивна перцепција кај родителите за улогата на наставникот во мотивацијата и проширувањето на интересите на учениците, како и дека иновативноста на наставниците го зголемува интересот за учење.
- Позитивна оценка за влијанието на додатната настава, особено кај родителите.

**Слаби страни**

- Недоволна мотивираност кај учениците за подобрување на квалитетот на знаењата и подобрување на целокупниот успех. Постои разлика меѓу перцепцијата на наставниците и учениците во однос на доволноста на знаењата за редовно исполнување на наставните обврски, што укажува на можни разлики во очекувањата или проценките за ниво на подготвеност.
- Недоволна присутност на родителите во животот и работата на училиштето
- Ниска перцепција за непосредна подготвеност на учениците за вработување, и покрај наставниот процес: и кај учениците и и кај родителите.
- Потреба од зголемување на вклученоста во натпревари и активности, иако наставниците ги охрабруваат учениците, дел од учениците чувствуваат дека знаењата не се секогаш доволни за натпреварувања.

**Идни активности за подобрување на слабите страни**

- Развивање на наставни содржини со поголем фокус на практични и применливи знаења, кои ќе ја зголемат подготвеноста за идниот работен ангажман.
- Продлабочување на соработката со надворешни институции и компании за реални проекти, практична настава и кариерно советување.
- Зголемување на бројот и разновидноста на натпревари, работилници и проекти, со активна вклученост на учениците.
- Поттикнување на присуство на додатна и дополнителна настава.
- Подобрување на редовноста во наставата преку мотивација на редовните ученици во наставниот процес
- Вклучување на родителите со цел подобрувањето на постигнувањата на учениците во целиот воспитно-образовен процес.

- Вклучување на родителите преку тематски настани, денови на отворени врати и редовна комуникација, со цел поддршка во учењето и воннаставниот развој на учениците.
- Континуирано усогласување на очекувањата меѓу наставниците и учениците, преку формативно оценување, повратни информации и индивидуален пристап.

Координатор,
Билјана Николовска-Прља

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Тим за самоевалуација на подрачје 3: Учење и настава
1. Наташа Младеновска-Тошевска - лидер на тимот

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**3.1. Планирање на наставниците**
**3.2. Наставен процес**
**3.3. Искуства на учениците од учењето**
**3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата**
**3.5. Оценување како дел од наставата**
**3.6 .Известување за напредокот на учениците**

- Индикаторите ги опфаќаат следниве теми:

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **3.1** | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Следење на наставниот процес<br>• Изведување практична обука на учениците кај работодавачите |
| **3.3** | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе<br>• Учење во реални работни услови кај работодавач |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ | ДОБИЕНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 3.1. Планирање на наставниците<br>▪ Годишни, тематски планирања/тематски процесни планирања и оперативен план за наставен час; планирања за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, содржини програмирани од училиштето, феријална практика;<br>▪ Разговор со директор, педагог, психолог, наставници;<br>▪ Записници од состаноците на стручните активи;<br>▪ Записници од средби на инклузивниот тим;<br>▪ Распоред на часови;<br>▪ Распоред за додатна, дополнителна настава и воннаставни активности; | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>▪ Училиштето има пропишана процедура за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот, стручните соработници и/или лица назначени од стручните органи. Во текот на планирањето соработуваат и ги поддржуваат стручната служба и директорот во училиштето. Наставниците добиваат поддршка од тимот на меѓуетничка интеграција во образованието при вградување на целите од областа на меѓуетничката интеграција.<br>За да биде образованието квалитетно истото треба да биде инклузивно и рамноправно. Наставниците добиваат поддршка од инклузивниот тим и специјалниот едукатор и рехабилитатор при креирање на целите, методите, материјалите и критериумите за оценување кои се флексибилни и се прилагодуваат кон индивидуалните потреби на учениците и минимизирање на бариерите за учење. Директорот и стручните соработници ги следат планирањата на наставниците во текот на годината.<br>Во училиштето има формирано Училишен инклузивен тим и инклузивен тим за секој ученик конкретно.<br>**Индивидуални планирања на наставниците**<br>▪ За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат подолгорочни планирања (процесно-развојни планирања)/годишен план, тематско планирање и кусорочни (оперативен план за наставен час) планирања; За учениците со посебни образовни потреби изработуваат индивидуален образовен план. Навремено ги планираат како редовната така и додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Резултати од учење и критериумите за оценување на учениците, овозможуваат поголема флексибилност во планирањето, организацијата и реализацијата на воспитно – образовниот процес, подобро искористување на ресурсите, можности за индивидуален пристап во наставата.<br>**Размена на искуства и информации при планирањето**<br>▪ Наставниците работат и планираат во рамки на стручни активи.Во училиштето има формирано вкупно 5 (пет) стручни активи.<br>**Распоред на часови**<br>▪ Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето работи во една смена и тоа овозможува меѓуетничка соработка и комуникација меѓу учениците и наставниците. Најдоцна до 20 септември во тековната учебна година училиштето истакнува распоред за дополнителна и додатна настава |

| | |
|---|---|
| | за секој наставен предмет, навидно место во училиштето и истиот го доставува до Државниот просветен инспекторат. |
| 3.2 Наставен процес<br><br>▪ Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час; инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час; инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>▪ инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>▪ годишни, тематски, дневни планирања;<br>▪ програма за учење преку работа; програма за работа на директорот/ стручните соработници;<br>▪ анкети/интервјуа со наставниците и со учениците;<br>▪ професионално досие на наставникот; листа на ученици што изведуваат практична обука кај работодавачи;<br>▪ листа на потпишани договори за изведување практична обука на учениците кај работодавачите;<br>▪ листа на компании со кои училиштето има воспоставени партнерски односи;<br>▪ документација за организација на феријална практика. | **Наставни форми и методи**<br>▪ Наставниците користат разновидни наставни форми што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Во текот на работата користат активни методи за работа со учениците (индивидуална работа, работа во пар или во група) и тоа: метод на играње улоги, метод на експеримент, метод знам, научив и сакам да знам, т-табела, метод на решавање проблеми и сл.<br>**Употреба на ИКТ во наставата**<br>▪ Најголемиот дел од наставниците употребуваат ИКТ во наставата и поминале обука за нејзина имплементација во наставата. Училиштето располага и со асистивна технологија наменета за ученици со посебни образовни потреби, а во учебната 2024/2025 година Градот Скопје опреми и сензорна соба. Училиштето располага и со лабораторија по хемија, кабинет по пчеларство, зачинска градина, современ пластеник, леи за калифорниски црви, аквапоника, сушара и земјоделска механизација кои се на располагање на наставниците и учениците и ги применуваат во наставата.<br>**Избор на задачи, активности и на ресурси**<br>▪ Наставниците користат различни ресурси и приоди за настава, притоа не ограничувајќи се само на учебници, туку применуваат и дополнителна стручна литература, користат интернет ресурси и извори на податоци. Задачите и активностите во училиштето се приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Исто така задаваат домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите.<br>**Приодот на наставникот кон учениците**<br>▪ Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата и истите им се јасни на поголемиот дел од учениците. Наставата се реализира со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Во текот на наставата континуирано се гради доверба меѓу наставниците и учениците.<br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>▪ Наставнициге се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, |

| | |
|---|---|
| | толеранција, разбирање и доверба. Училиштето работи во насока да креира и одржува инклузивна клима каде сите ученици се еднакви и имаат еднакви можности за активно вклучување во наставниот процес. Во училиштето се одржуваат и заеднички часови за меѓуетничка интеграција во образованието каде ученциите имаат можност да се запознаат подобро.<br>Следење на наставниот процес<br>▪ Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот час која редовно се применува и тоа во текот на целата учебна година.<br>Изведување практична обука на учениците кај работодавачите<br>▪ Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите се реализира според наставниот план и програма. Феријалната практика се реализира според насоки изработени од Центарот за стручно образование и обука. Феријалната пракса се организира по завршување на наставната година кај соодветен работодавач или во самото училиште. Поголемиот дел од учениците феријалната практика ја реализираат во училишната економија.<br>▪ Учениците со посебни образовни потреби може делот од практичното образование кое треба да се реализира кај работодавач да го реализира во училиште . |
| 3.3 Искуства на учениците од учењето<br><br>▪ Анкета за учениците;<br>▪ записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>▪ увид во ученичките досиеја;<br>▪ увид во евиденцијата на стручните соработници;<br>▪ план и програма за учење преку работа; програмата за работа и извештаите на ученичката заедница;<br>▪ увид на заедничкиот училиштен простор;<br>▪ записници од работата на ТУИ/Тимот за училишна интеграција. | Средина за учење<br>▪ Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Во училишната аула објавени се изработките на учениците од воннаставните активности, а дел од нив се видливи и во земјоделските парцели за хортикултурно уредување на училиштето. Училиштето води и ажурира и fb страна и web страна. Информациите за сите активности во училиштето навремено се споделуваат и на македонски и албански наставен јазик.<br>Атмосфера за учење<br>▪ За време на часот, наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>▪ Се промовира една средина каде мислењето на учениците при решавањето на проблемите и одлучувањето се зема во предвид. Секој може да го искаже своето мислење но притоа строго се внимава да го почитува и туѓото не загрозувајќи ги основните човекови права. |

| | |
|---|---|
| | Интеракција на учениците меѓу себе<br>▪ Најголемиот дел од учениците се чуствуваат среќни, прифатени и задоволни во својата паралелка и училиштето. Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Во овие активности секогаш вклучени се ученици од двата пола, од двата наставни јазика на кои се изведува наставата во училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби. Сите воннаставни активности се инклузивни и мултиетнички  и ја промовираат инклузивната култура во училиштето.<br>Учење во реални работни услови кај работодавач<br>▪ Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите се реализира според наставниот план и програма во компании со кои нашето училиште има скключено меморандум за соработка. |
| 3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>▪ Анкети со ученици;<br>▪ записници од инклузивните тимови;<br>▪ увид во ученичките досиеја;<br>▪ увид во евиденцијата на стручните соработници;<br>▪ посета на наставни часови;<br>▪ извештаи од следење на наставата во училиштето. | Идентификување на образовните потреби на учениците<br>▪ Наставниците добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор при креирање на целите, методите, материјалите и критериумите за оценување кои се флексибилни и се прилагодуваат кон индивидуалните потреби на учениците и минимизирање на бариерите за учење.<br>Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>▪ Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој. |
| 3.5 Оценувањето како дел од наставата<br>▪ Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава;<br>▪ правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување;<br>▪ стандарди за оценување;<br>▪ увид во педагошката евиденција и документација; | Училишна политика за оценување<br>▪ Училиштето има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Врз основа на функциите се дефинираат два вида на следење и вреднување на постигањата базирано на компетенции: формативно и сумативно оценување. Сумативното оценување се врши по завршувањето на наставната програма или некој нејзин дел. Формативното оценување е ефикасно само кога на ученикот му е дадена можност повеќе пати да го покаже своето знаење, вештини и ставови и кога тој процес е придружен со благовремени повратни информации. Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со |

| | |
|---|---|
| ▪ користените инструменти за оценување;<br>▪ примери на оценети ученички трудови;<br>▪ извештаи од стручни соработници за следени планирања;<br>▪ записници од инклузивниот тим; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите и со инклузивниот тим;<br>▪ евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите; интерни акти/кодекси на училиштето;<br>▪ инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; инструменти за индивидуализирани начини на проверка;<br>▪ записници од работата на тимот за училишна интеграција - ТУИ. | интерно проверување. Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.<br>▪ Начинот на оценување е јасно утврден во планирањата, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставникот ги оценува постигнувањата на учениците со пречки во развојот во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.<br>Методи, форми и инструменти на оценување<br>▪ Критериумите за оценување, заедно со резултатите од учењето треба да бидат дизајнирано во однос на сите три домени на учењето: когнитивно, афективно и психомоторно. Покрај тоа, критериумите за оценување треба исто така да бидат дизајнирани на начин на кој ќе ги опфатат елементите од општото образование/поврзана теорија, стручното (техничкото) образование и учењето преку работа од наставната програма.<br>Користење на информациите од оценувањето<br>▪ Училиштето го напредува знаењето и на надарените и талентираните ученици. Има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. |
| 3.6 Известување за напредокот на учениците<br><br>▪ Увид во педагошката евиденција и документација;<br>▪ анкети и интервјуа со родителите;<br>▪ записници од инклузивниот тим;<br>▪ евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите; | Известување на родителите за напредокот на учениците<br>▪ Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Овие информации се споделуваат на редовни родителски средби, групни и/или индивидуални средби како и формални и неформални средби.<br>Родителите можат да се информираат за успехот и редовноста на ученикот и преку електронскиот дневник. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца. |

| | |
|---|---|
| ▪ интерни акти/кодекси на училиштето;<br>▪ инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците. | Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат. |

**Предмет и цели на истражувањето**

- **Предмет** на ова истражување е да се разгледа квалитетот на наставата, начинот на мотивацијата за поголем напредок кај ученикот, квалитетот на знаењата кои ги постигнува ученикот, начинот на оценување реализиран за време на наставниот процес.
- **Целта** на истражувањето е да се увиди мислењето на учениците, родителите и професорите за квалитетот на наставата, квалитетот на знаењата на учениците, постигањата, успехот и ангажираноста на професорите за подобрување на наставата.

**Методолошки приод**

- Сегашното истражување ќе се состои од спроведување на анкетен прашалник кој ќе се дистрибуира до ученици, родители и наставници.. За секоја категорија на испитаници изработен е поединечен анкетен прашалник.
- Ќе се анкетираат ученици, професори и родители по случаен избор.

Анкетниот прашалник се состои од прашања од затворен тип каде испитаникот треба да одбере колку се согласува или не се согласува со даденото тврдење на скала од 1 до 3 и тоа:

1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

Предноста на овие прашања е во јасно определните одговори за директна споредба меѓу испитаниците.

**Анализа на податоци**

- Со анкетниот прашалник се опфатија 45 ученици, 26 наставника и 30 родители.

**Прашалник за родители**

Ве молиме да одговорите на следниве тврдења според следнава скала:

**1 - не се согласувам**
**2 - делумно се согласувам**
**3 - целосно се согласувам**

Анкетниот прашалник за родители беше спроведен кај вкупно 30 (триесет) родители и по обработка на податоците се добија следниве резултати:

| ***ИСКАЗ*** | **1** | **2** | **3** |
|---|---|---|---|
| *1. Знаењето стекнато во училиште му помага на моето дете во професионалниот и приватниот живот.* | 3% | 20% | 77% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *2. Моето дете учествува во изработка на програмите заедно со наставникот.* | 33% | 37% | 30% |
| *3. Моето дете е запознаено со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето.* | 20% | 20% | 60% |
| *4. Постојано сум информиран за напредокот, постигнувањата и развојот на моето дете во училиште.* | 6% | 17% | 77% |
| *5. Сите наставници кон моето дете се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, толеранција а моето дете има можност да го искаже своето мислење.* | 3% | 27% | 70% |
| *6. Наставниците го охрабруваат моето дете да се вклучи во активности и проекти (во и надвор од наставата).* | 3% | 27% | 70% |
| *7. Наставниците го вклучуваат моето дете во дополнителна/додатна настава.* | 10% | 27% | 63% |
| *8. Моето дете учествува на натпревари.* | 17% | 46% | 7% |
| *9. Моето дете има можност да реализира учење преку работа кај работодавач според наставниот план и програма.* | 10% | 53% | 37% |
| *10. Моето дете се чувствува прифатено, задоволно и среќно во паралелката и училиштето.* | 3% | 20% | 77% |

**Прашалник за ученици**

Ве молиме да одговорите на следниве тврдења според следнава скала:
1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

Анкетниот прашалник за ученици беше спроведен кај вкупно 45 (четириесет и пет) ученика и по обработка на податоците се добија следниве резултати:

| ***ИСКАЗ*** | ***1*** | ***2*** | ***3*** |
|---|---|---|---|
| *1.Знаењето стекнато во училиште ми помага во професионалниот и приватниот живот.* | 20% | 31% | 49% |
| *2. Учествувам во изработка на програмите заедно со наставникот.* | 20% | 44% | 36% |
| *3. Наставникот ме известува за напредокот и постигнувањето кое го покажувам во текот на образованието.* | 11% | 27% | 62% |
| *4. Прифаќам и го почитувам различното мислење од сопственото, а и моето се прифаќа и почитува.* | 14% | 44% | 42% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *5. Наставникот ме мотивира и охрабрува да учествувам на проекти, работилници и натпревари.* | 24% | 20% | 56% |
| *6. Запознаен сум со придобивката од учеството на проекти, работилници и натпревари.* | 17% | 36% | 47% |
| *7. Часовите по додатна/дополнителна настава го помагаат/усовршуваат моето знаење.* | 11% | 40% | 49% |
| *8. Предрасудите за другите и себе може негативно да влијаат на односите меѓу луѓето.* | 27% | 33% | 40% |
| *9. Имам можност да реализирам учење преку работа кај работодавач според наставниот план и програма.* | 22% | 40% | 38% |
| *10. Јас се чувствувам прифатено, задоволно и среќно во паралелката и училиштето.* | 18% | 27% | 56% |

**Прашалник за наставници**
Ве молиме да одговорите на следниве тврдења според следнава скала
1 – не се согласувам
2 – делумно се согласувам
3 – целосно се согласувам

Анкетниот прашалник за наставници беше спроведен кај вкупно 26 (дваесет и шест) наставника и по обработка на податоците се добија следниве резултати:

| ***ИСКАЗ*** | ***1*** | ***2*** | ***3*** |
|---|---|---|---|
| *1.Членовите на стручната служба соработуваат при изработка на планирањата (подолгорочни – процесно развојните, тематски, кусорочни – дневни или по наставни единици и изработка на индивидуален образовен план)* | / | 12% | 88% |
| *2.Моите планирања предвидуваат соодветни начини (стратегии, форми, методи, техники) на наставна работа и користам различни приоди во поучувањето (истражувачки, проектни активности).* | / | 12% | 88% |
| *3. Моите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, целите и исходите се јасно дефинирани а предвидени се активностите за учениците и за наставникот.* | / | 12% | 88% |
| *4. Во училницата постојат јасни правила за однесување и обезбедување позитивна работна атмосфера.* | / | 31% | 69% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *5. Кон учениците се однесувам на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, толеранција а сите ученици имаат можност да го искажат своето мислење.* | / | 12% | 88% |
| *6. Ги охрабрувам и поттикнувам учениците за изнаоѓање креативни решенија за одреден проблем.* | / | 19% | 81% |
| *7. Ги охрабрувам учениците да користат дополнителна литература и ИКТ при истражувачките и проектните активности.* | / | 12% | 88% |
| *8. Ги поттикнувам учениците објективно да го проценат своето знаење и давам позитивна конструктивна повратна информација.* | 4% | 19% | 77% |
| *9. Учениците ги запознавам со оценувањето (формативно и сумативно) кое го спроведувам според пропишаните правила за оценување на учениците и истото им овозможува да ги подобрат постигнувањата.* | 4% | 15% | 81% |
| *10. Го евидентирам напредокот, постигнувањето и развојот на секој ученик во однос на очекуваните исходи и/или индивидуалните цели и истиот транспарентно е споделен со учениците и родителите.* | / | 23% | 77% |
| *11. Го приспособувам просторот во училницата на потребите на учениците и овозможувам материјалите за работа да се достапни за сите.* | / | 23% | 77% |
| *12. Учење преку работа кај работодавач/ практичната обука целосно се реализира според наставниот план и програма.* | 15% | 12% | 73% |

- **Графички приказ на добиените резултати од спроведените анкетни прашалници.**

Во однос на тврдењето ,,Знаењето стекнато во училиште му помага на ученикот во професионалниот и приватниот живот” дури 77% од родителите и 49% од учениците целосно се согласуваат дека знаењето кое го стекнуваат во училиште им помага како во професионалниот така и во приватниот живот.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Не се согласув ам | Делумно се согласув ам | Целосно се согласув ам | Не се согласув ам | Делумно се согласув ам | Целосно се согласув ам |
| 3% | 20% | 77% | 20% | 31% | 49% |

Табела бр.1 : Знаењето стекнато во училиште му помага на ученикот во професионалниот и приватниот живот

Графикон бр.1:  Знаењето стекнато во училиште му помага на ученикот во




професионалниот

и приватниот живот

Во однос на тврдењето наменето за наставниците дека во текот на својата работа соработуваат со членовите на стручната служба при изработка на планирањата (подолгорочни – процесно развојните, тематски, кусорочни – дневни или по наставни единици и  изработка на индивидуален образовен план) 88% од наставниците целосно се согласуваат дека во текот на својата работа соработуваат со членовите на стручната служба.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 0% | 12% | 88% |

Табела бр.2: Соработка со членовите на стручната служба

Графикон бр.2: Соработка со членовите на стручната служба




Во однос на тврдењето дека ученикот учествува во изработка на програмите заедно со наставникот 37% од родителите и 44% од учениците се изјасниле дека делумно се согласуваат со ова тврдење.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 33% | 37% | 30% | 20% | 44% | 36% |

Табела бр.3: Ученикот учествува во изработка на програмите заедно со наставникот



| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 0% | 12% | 88% |

Графикон бр.3: Ученикот учествува во изработка на програмите заедно со наставникот

Во однос на тврдењето наменето за наставници дека,, Моите планирања предвидуваат соодветни начини (стратегии, форми, методи, техники) на наставна работа и користам различни приоди во поучувањето (истражувачки, проектни активности)'' 88% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат.

Табела бр.4: Моите планирања предвидуваат соодветни начини (стратегии, форми, методи, техники) на наставна работа и користам различни приоди во поучувањето (истражувачки, проектни активности)




Графикон бр.4: Моите планирања предвидуваат соодветни начини (стратегии, форми, методи, техники) на наставна работа и користам различни приоди во поучувањето (истражувачки, проектни активности)

Во однос на тврдењето ,,Моето дете е запознаено со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето'' 60% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат дека нивното дете е запознаено со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето.

| РОДИТЕЛИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 20% | 20% | 60% |

Табела бр.5: Моето дете е запознаено со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето




Графикон бр.5: Моето дете е запознаено со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето

Во однос на тврдењето ,,Наставникот ме известува за напредокот и постигнувањето кое го покажувам во текот на образованието'' 77% од родители и 62% од учениците од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека навремено и транспарентно се известени за напредокот и постигнувањата кои ги покажува ученикот во текот на образованието. 77% од наставниците целосно се согласиле дека успехот, постигнувањата и развојот на секој ученикот во однос на очекуваните исходи ги евидентираат и истите транспарентно ги споделуваат и со учениците и со родителите.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | | НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| се сувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Цел с согла |
| % | 17% | 77% | 11% | 27% | 62% | 0% | 23% | 77 |

Табела бр.6: Наставникот ме известува за напредокот и постигнувањето кое го покажувам во текот на образованието




Графикон бр.6: Наставникот ме известува за напредокот и постигнувањето кое го покажувам во текот на образованието

Во однос на тврдењето ,,Моите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, целите и исходите се јасно дефинирани а предвидени се активностите за учениците и за наставникот'' 88% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека своите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, целите и исходите се дефинирани а предвидени се и активности за учениците и наставниците.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 0% | 12% | 88% |

Табела бр.7: Моите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, целите и исходите се јасно дефинирани а предвидени се активностите за учениците и за наставникот




Графикон бр.7: Моите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, целите и исходите се јасно дефинирани а предвидени се активностите за учениците и за наставникот

Во однос на тврдењето дека ,,Кон учениците се однесувам на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, толеранција а секој ученик има можност да го искаже своето мислење’’ 70% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат со ова тврдење, додека пак 44% од учениците се изјасниле дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Во однос на ставот на наставниците 88% од нив се изјасниле дека во текот на својата работа кон учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, толеранција а секој ученик има можност да го искаже своето мислење.

Табела бр.8: Кон учениците се однесувам на начин што промовира

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | | НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| се сувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Цел с согла |
| % | 27% | 70% | 13% | 44% | 42% | 0% | 12% | 88 |

прифаќање, почитување, соработка, толеранција а секој ученик има можност да го искаже своето мислење




Графикон бр.8: Кон учениците се однесувам на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, толеранција а секој ученик има можност да го искаже своето мислење

Во однос на тврдењето дека во училницата постојат јасни правила за однесување и обезбедување позитивна работна атмосфера 69% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат со ова тврдење.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 0% | 31% | 69% |

Табела бр.9: Во училницата постојат јасни правила за однесување и обезбедување позитивна работна атмосфера




Графикон бр.9: Во училницата постојат јасни правила за однесување и обезбедување позитивна работна атмосфера

Во однос на тврдењето ,,Наставниците го охрабруваат и мотивираат моето дете да учествува на проекти, работилници и натпревари" 70% од родителите, 56% од учениците и 81% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат со тоа дека учениците постојано се мотивираат и охрабруваат да земат учество во вонннаставните активности, работилници и проекти и натпревари. Истовремено се охрабруваат и поттикнуваат учениците за изнаоѓање креативни решенија за одреден проблем.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | | НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| се сувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Цел с согла |
| % | 27% | 70% | 24% | 20% | 56% | 0% | 19% | 8 |

Табела бр.10: Учениците се охрабруваат и мотивираат да учествуваат во проекти, работилници и натпревари




Графикон бр.10: Учениците се охрабруваат и мотивираат да учествуваат во проекти, работилници и натпревари

Во однос на тврдењето ,,Запознаен сум со придобивката од учеството на проекти, работилници и натпревари'' 47% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат со тоа дека од страна на наставниците запознаени се со придобивките од учеството во проекти, работилници и натпревари.

| УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 17% | 36% | 47% |

Табела бр.11: Запознаен сум со придобивките од учеството на проекти, работилници и натпревари




Графикон бр.11: Запознаен сум со придобивките од учеството на проекти, работилници и натпревари

Во однос на тврдењето ,,Моето дете учествува на натпревари'' 46% од родителите се изјасниле дека делумно се согласуваат, 37% дека целосно се согласуваат и 17% не се согласуваат со тоа дека нивното дете учествува на натпревари

| РОДИТЕЛИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 17% | 46% | 37% |

Табела бр.12: Моето дете учествува на натпревари




Графикон бр.12: Моето дете учествува на натпревари

Во однос на тврдењето ,,Наставниците го вклучуваат моето дете во дополнителна/додатна настава'' и дека овие часови по дополнителна/додатна настава го помагаат/усовршуваат знаењето на учениците 63% од родителите и 49% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат со ова тврдење.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 10% | 27% | 63% | 11% | 40% | 49% |

Табела бр.13: Наставниците го вклучуваат моето дете во дополнителна/додатна настава




Графикон бр.13: Наставниците го вклучуваат моето дете во дополнителна/додатна настава

Од анкетираните наставниците пак 88% се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека ги охрабруваат учениците да користат дополнителна литература и ИКТ при истражувачките и проектните активности.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 0% | 12% | 88% |

Табела бр.14: Наставниците ги охрабруваат учениците да користат дополнителна литература и ИКТ при истражувачките и проектните активности




Графикон бр.14: Наставниците ги охрабруваат учениците да користат дополнителна литература и ИКТ при истражувачките и проектните активности

77% од наставниците се изјасниле дека во текот на работата учениците ги поттикнуваат објективно да го проценат своето знаење и даваат позитивна конструктивна повратна информација.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 4% | 19% | 77% |

Табела бр.15: Ги поттикнувам учениците објективно да го проценат своето знаење и давам позитивна конструктивна повратна информација




Графикон бр.15: Ги поттикнувам учениците објективно да го проценат своето знаење и давам позитивна конструктивна повратна информација

89% од наставниците се изјасниле дека во текот на работата учениците ги запознаваат со пропишаните правила за оценување во училиштето, формативното и сумативното оценување и на тој начин им овозможуваат да ги подобрат постигнувањата.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 4% | 15% | 81% |

Табела бр.16: Учениците се запознаваат со пропишаните правила на оценување (формативно и сумативно)




Графикон бр.16: Учениците се запознаваат со пропишаните правила на оценување (формативно и сумативно)

Во однос на тврдењето ,,Учењето преку работа кај работодавач целосно се реализира според наставниот план и програма'' 53% од родителите и 40% од учениците се изјасниле дека делумно се согласуваат со ова тврдење, и 73% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека учењето преку работа се реализира кај работодавач согласно наставниот план и програма.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | | НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| се сувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Цел с согла |
| % | 53% | 37% | 22% | 40% | 38% | 15% | 12% | 73 |

Табела бр.17: Учењето преку работа кај работодавач целосно се реализира според наставниот план и програма




Графикон бр.17: Учењето преку работа кај работодавач целосно се реализира според наставниот план и програма

Во текот на својата работа 77% од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето дека просторот во училницата го приспособуваат на потребите на учениците и овозможуваат материјалите за работа да се достапни за сите ученици.

| НАСТАВНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 0% | 23% | 77% |

Табела бр.18: Просторот во училницата го приспособувам на потребите на учениците, а материјалот за работа е достапен за сите ученици




Графикон бр.18: Просторот во училницата го приспособувам на потребите на учениците, а материјалот за работа е достапен за сите ученици

Во однос на тврдењето ,,Предрасудите за другите и себе може негативно да влијаат на односите меѓу луѓето'' 40% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат со ова тврдење.

| УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 27% | 33% | 40% |

Табела бр.19: Предрасудите за другите и себе може негативно да влијаат на односите меѓу луѓето




Графикон бр.19: Предрасудите за другите и себе може негативно да влијаат на односите меѓу луѓето

Во однос на тврдењето ,,Моето дете се чувствува прифатено, задоволно и среќно во паралелката и училиштето'' 77% од родителите и 56% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат со тоа дека се чувствуваат прифатено, задоволно и среќно во паралелката и училиштето воопшто.

| РОДИТЕЛИ | | | УЧЕНИЦИ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Делумно се согласувам | Целосно се согласувам |
| 3% | 20% | 77% | 18% | 27% | 56% |

Табела бр.20: Моето дете се чувствува прифатено, задоволно и среќно во паралелката и училиштето




Графикон бр.20: Моето дете се чувствува прифатено, задоволно и среќно во паралелката и училиштето

КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ

- Соработката на наставниците со стручната служба при изработка на планирањата (подолгорочни – процесно развојните, тематски, кусорочни – дневни или по наставни единици и изработка на индивидуален образовен план).
- Наставниците имаа планирање и подготовка за час со јасна структура за текот и изведбата на часот, предвидени начини на наставна работа и приоди во поучувањето и учењето.
- Родителите и учениците се навремено и транспрентно информирани за напредокот и постигнувањата на учениците во однос на очекуваните исходи и/или индивидуалните цели.
- Знаењето стекнато во училиште му помога на ученикот во приватниот и професионалниот живот, а дополнителната/додатната настава до доусовршуваат знаењето.
- Во училиштето се промовира прифаќање, почитување, толеранција и соработката.

СЛАБИ СТРАНИ

- Учениците не се вклучени во изработка на наставните планови и програми.
- Родителите не се сигурни дали учениците учествуваат и се пријавуваат на натпревари.
- Родителите и учениците сметаат дека учењето преку работа кај работодавач не се реализира целосно во компании согласно наставниот план и програма.

## ИДНИ АКТИВНОСТИ

- За учеството во вonнаставни активности и секции учениците треба да добијат признанија за постигањата во вид на сертификати, пофалби, награди.
- Интензивирање на соработката со родителите на учениците, создавање на мапа за тековна професионална врска и разбирање на комуникацијата како заедничка активност;
- Промовирање доверба и разбирање за градење партнерства со семејствата.
- Проширување на листата со реномирани компании со социјално и економско значење за секторот со тенденција за оформување на нови дуални паралелки

Изработил:
Специјален едукатор и рехабилитатор
Наташа Младеновска-Тошевска

## 4. Поддршка на учениците

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

- **Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди**

Во поглед на заштитата на физичко здравје на учениците во училиштето се преземаат низа на активности почнувајќи од редовните системтски прегледи за учениците, евидентирање на учениците кои имаа специфични здравствени проблеми и постапување со нив согласно медицинските препораки, како и обезбедување на оптимални услови за работа во рамките на можностите на училиштето.

Во училиштето се организираат предавања, работилници и советувања кои се наменети за унапредување на здравјето на учениците. Постои соработка со Црвениот Крст на Град Скопје, Здравствениот дом во н.Драчево, како и со субјекти од областа на невладинот сектор кои се занимаваат со здравствена проблематика.

Во училиштето постои план за евакуација кој треба да се спроведува во случаи на елемнтрана непогода или други вонредни услови. Планот за евакуација е истакнат на видно место во училиштето. Во училиштето има систем што алармира во случај на пожар.

При реализација на наставните содржини и практичната настава учениците користат заштитна опрема(мантил,ракавици,маска,чизми и друга ХТЗ опрема која е потребана во моментот на изведување на практичната настава) за која предходно од страна на наставниците се едуцирани и обучени како правилно да ги користат и заштитната опрема и сретствата за работа, како би се заштитиле и избегнале несакани повреди.

Во училиштето има тим за давање прва помош на учениците при несреќни случаи.

Училиштето има развиена соработка со МВР и соодветен протокол за реаќирање во случај на дојава за подметната бомба.

- **Превенција од насилство**

Училиштето има програми и протокол и пишани документи во кој се дефинираат сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, како и сексуалното вознемирување на учениците(меѓу себе и од страна на возрасните.

Намалувањето на наслиството во училиштето е област во која се преземени низа активности:

- Советување на учениците кои манифестираат насилно однесување;
- Советување на родителите чии деца покажуваат насилно однесување;
- Изрекување на педагошки мерки на учениците со насилно однесување;
- Учество во проекти кои се насочени кон намалување на насилството во училиштето;
- Предавања насочени кон сузбивање на наслството;
- Куќен ред на училиштето;
- Политика за намалување на насилството во училиштето;
- Протокол за реагирање во случај на наслиство во училиштето;
- Училишен акционен план за намалување на насилството и унапредување на безбедноста;
- Соработка со МВР;
- Ангажирани се лица за обезбедување;

- Во училиштето функционира систем за видео надзор;

Училиштето ќе биде вклучено во проектот „За безбеден град“ што го реализира Град Скопје .

- **Заштита од пушење, алкохол и дрога**

Училиштето има политика за забрана за пушење,консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични средства што подразбира дека во училишната зграда и училишниот двор не се пуши освен на обележани места каде што треба да се поставaт канти за отпушоци , не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.
Во училиштето се реализираат предавања поврзани со превенцијата од пушењето, алкохолот и дрогата. Во текот на наставата и во работата на стручната служба се третираат и прашања од оваа област. При контактите со родителите се разменуваат инфорамции околу пушењето на учениците, како и консултации за ризикот од злоупотребата на алкохолот и дрогите.
Училиштето има протокол за постапување во ситуации кога ученикот е под дејство на алкохол или дрога.
Во училиштетио се реализирани активности за заштита од пушење, алкохол и дрога: како што е дебата за развивање на свеста за опасностите од зависностите, предавања за борба против зависности итн.

- **Квалитет на достапна храна**

Во училиштето на учениците им се презентираат информации во врска со правилната исхрана во рамките на предавањата на професорите. Не се врши од страна на училиштето анализа на храната што се продава во продавниците и околните угостителски објекти.
Активностите од областа на едукацијата за здрава исхрана се реализираа во текот на часовите по биологија, согласно наставните програми. Дополнително на класните часови се читаа текстови со соодветна содржина од областата на здравата исхрана при што со примери, кратки презентации и насоки како да се сменат формираните навики кај младата популација Вакви содржини се обработуваат и на часовите по биологија, кај учениците од сите години. При тоа им се даваат задачи на учениците да изготват неделни планирања за себе, со здрави оброци. Откако тоа ќе го направат совесно, се дискутира за промената кои почувствувале кај себе. Освен вакви содржини се обработуваат и содржини за одржување на личната хигиена и секојдневни, неформални советувања на учениците.

- **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**

Во поглед на лицата со телесен инвалидитет се води сметка тие да можат да го следат воспитно-образовниот процес колку што е можно без поголеми потешкотии. При распоредувањето на класовите по училници се внимава на класот што има вакви ученици да биде сместен на локација во која лицето со телесен инвалидитет нема да се соочува со особено големи проблеми. Во ходникот на влезот во училиштето постои рампа за влез на лице кое користи инавлидска количка. Исто така се одржуваат средби со родителите на овие

ученици со цел да се разменат информации за здравствената состојба на ученикот. Училиштето има асистивни уреди кои можат да ги користат овие ученици, а во рамките на училиштето постои тим за проценка на најсоодветниот начин на користење на асистивните уреди.
Во училиштето функционира инклузивнен тим и се изработуваат индивидуални образовни планови за секој ученик со посебни образовни потреби.
Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост- училиштето има пропишани процедури за учениците со пречки во развојот /физичка попреченост.
Во училиштето се изработуваат индивиални образовни планови за учениците со попреченост.

- **Грижа за учениците од социјално загрозените семејства**

Психосоцијалната состојба на учениците од социјално загрозените семејства како ученици под зголемен резик се следени од страна на психологот, педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор, а постои соработка со центрите за социјална работа, како и со институции кои делуваат во сферата на социјалната работа.
Освен грижата за учениците од социјално загрозените семејства и оние со телесни пречки во развојот, во училиштето се води грижа за учениците со емоционални проблеми. Работата со овие ученици опфаќа главно советодавна работа, како и остварување на контакти со родителите на овие ученици.

**4.2. Здравје**

Хигиената во училиштето се одржува на тој начин што ходницте, тоалетите и спортската сала се чистат 3 пати во текот на денот, а училниците еднаш во денот. Во училиштето на почетокот од учебната година се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училишниот двор е чист и уреден. Во училниците и во ходниците има корпи за отпадоци кои при чистењето се празнат.
Училиштето има евиденција за учениците кои имаат здравствени проблеми и постои соработка со нивните родители. Доколку се случи некој ученик да се пожали на сериозни проблеми со здравјето додека е во училиште или истите да се констатираат од страна на вработените, се повикува итна медицинска помош.
Во училиштето се реализираат активности за унапредување на здравјето:

- Одбележување на неделата на туберкоозата;
- Едукативни предавања за диабетесот;
- Предавања за борба против зависности (алкохолизам,наркоманија и цигари), одржани од страна на стручни лица од амбуланта Драчево.
- Одбележување на неделата на срцеви заболувања и заболувања на крвните садови „Црвен Крст“ на Македонија;
- Одбележување на недела на борба против ракот. Промовирање на трката во знак на борба против ракот на дојка - „Црвен Крст“ на Македонија;
- Организирање на крводарителска акција - „Црвен Крст“ на Македонија;
- Вежби за пружање на прва помош и значење на истата – во соработка со „Црвен Крст“ на Македонија

Во поглед на менталното здравје во училиштето се одржуваат работилници за унапредување на менталното здравје кои во најголем дел ги реализира психологот во училиштето (и помал дел педагогот), а во класовите каде што

има ученици со попреченост е вклучен и специјалниот едукатор и рехабилитатор.
Во училиштето се следат и целосно имплементираат насоките за унапредување на менталното здравје даден од надлежните институции, пред се МОН и БРО. Покрај тоа училиштето има своја програма за унапредување на менталното здравје во училиштерто.

Учениците имаат можност да разговараат за емоционалните проблеми со кои се соочуваат, особено ако се однесуваат (произлегуваат) од воспитно-образовниот процес.

**<u>4.3. Советодавна помош за понатамошното образование</u>**

Во училиштето се спроведува професионална ориентација односно кариерно советување, од страна на психологот во училиштето. Исто така се вршат презентации од страна на високообразовните институции поврзани со можностите за продолужување на натамошното школување. Учениците се информираат во училиштето за конкурсот за запишување на високообразовните институции.

На учениците кои покажуваат емоционални проблеми им се помага преку советодавна работа во стручната служба. Доколку е потребно се воспоставува соработка со раководителите на паралелките и директорот на училиштето, како и со другите релевантни чинители. Во одредени случаи училиштето се обраќа и до центрите за социјална работа.

**<u>4.4.Следење на напредокот</u>**

Што се однесува до следењето на успех, тој се следи континуирано во текот на целата учебна година. Се подготвуваат извештаи за успехот на учениците по класови, години на образование, како и насока на образование. Исто така се прават анализи за успехот по предмети, пол, како и периоди во текот на учебната година. Во училиштето се изготвуваат и анализи за изостаноците на учениците. Со успехот на учениците се запознаени родителите на учениците. Родителите на оние ученици кои покажуваат послаб успех, несоодветно однесување или нередовно посетување на наставата се повикуваат на советување за родители.

Со цел подетално да се процени поддршката на учениците, беше спроведено истражување. Прашалникот за професорите и учениците се состоеше од 14 прашања/тврдења, а испитаникот требаше да посочи колку се согласува со наведеното тврдење: „Целосно се согласувам“, „Делумно се согласувам“ и „Не се согласувам“. Инструментот имаше две верзии: една за учениците и една за наставници, но прашањата се однесуваа на иста појава. На тој начин е овозможено да се споредуваат одговорите н а учениците и наставниците во поглед на испитуваната проблематика.

Резултати што се однесуваат на учениците и наставниците




Од График 1 може да се види дека мнозинството од учениците и наставниците сметаат дека училишниот простор е безебеден за изведување на настава. Сепак поголем е процентот на родители кои покажуваат извесна скептичност кон ова тврдење.




Во поглед на санкционирањето на насилството забележуваме поизразени разлики помеѓу учениците и наставниците. Додека најголемиот дел од наставниците сметаат дека во училиштето се санкционира насилството, најголемиот дел од учениците се скепрични во поглед на наведеното прашање и само делумно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се

санкционира насилството. Една третина од учениците сметаат дека насилството во училиштетот не се санкционира.




Од График 3 се гледа дека мнозинството на учениците и наставниците сметаат дека во училиштето  приваќаат учениците со попреченост.




Во График 4 може да се видат различните ставови на учениците и професорите околу забраната за пушење и користење на алколол и дрога во училишниот простор. Најголемиот дел од наставниците мислат дека во училиштето е забране употребата на овие средства, сепак половина од учениците се скептични околу примената на ваквата забрана, а само 28% се согласуваат околу нејзината примена.




Од График5. гледаме дека најголемиот дела од учениците се делумно согласни од хигиената во школото, додка најголемиот дел од наставниците се целосно задоволни од хигиената во училиштето. Ваквите резултати може да укажуваат дека разликите произлегуваат од: (1) хигиената во просториите кои ги користат само учениците пред се ученичките тоалети, како и (2) од фактот што добар дел од наставниците не се секојдневно присутни во училиштето бидејќи работат во други училишата па поинаку ја согледуваат состојбата околу хигиената во училиштето.




Најголемиот дел од учениците и наставниците сметаат дека учениците се информираат каде можат да го продолжат своето образование (График6).




Од График7 може да се види дека и учениците и наставниците сматаат дека учениците можат да побараат помош за своите емоционални потешкотии во училиштето. За разлика од наставниците кај учениците постои одердена резервираност околу оваа можност, што можеби се должи на фактот што во психологот, педагогот и специјалниот рехабилитатор и едукатор се во иста просторија, па не им е пријатно да побараат ваква помош или да зборуваат за своите емоционални потешкотии. Исто така своја улога може да има неподготвеноста на учениците да побараат помош за своите емоционални потешкотии поради предрасудите што владеат во општеството.




Во График8 гледаме дека иако и учениците и наставниците сметаат дека се води целосна евиденција за постигнувањеата на учениците, редовноста и поведението сепак учениците изразуваат поголема скептичност во поглед на оваа активност.




Од График 9 можеме да заклучиме дека учениците помалку го сметаат дека е коректен  односот со наставниците, отколку наставниците, кои во поголем број сметаат дека нивниот однос учениците е коректен.




Дури 94% од наставниците навеле дека ги информираат учениците за опасностите  од алкохолот, дрогата и пушењето. Учениците се помалку согласни околу ова тврдење (График10).




Од График11 се гледа најголем дел од наставниците и околу половина од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето учениците добиваат информации за правилниот начин на исхрана. Сепак учениците во поголем број изразуваат несогласување или скептичност во врска со наведеното тврдење.




Од  График 12 се гледа дека најголемиот дел од учениците и наставниците сметаат дека учениците добиваат совети за тоа како треба да се однесуваат во училиштето и надвор од него.




Дури 94% од наставниците рекле дека ги советуваат учениците како да се справиме со конфликтни ситуации. Учениците пак во помал број посочиле дека во училиштето добиваат совети како да се справиме со конфликтни ситуации.




Во График14 се гледа дека најголем дел од наставниците сметаат дека чениците со пречки во развојот и посебни образовини можности добиваат поддршка за индивидуален развој и вклучување во училишната средина. Во врска со наведеното тврдење учениците се поскептични.

Резултати што се однесуваат на родителите




Од график 15 се гледа дека најголемиот број на родители сметаат дека училишниот простор е безбеден за изведување на наставата.




Најголем дел од родителите сметаат дека се санкционира насилството (График16).




Родителите сметаат дека во училиштетото се прифатени учениците со попреченост (График17).




Иако најголемиот број од родителите сметаат дека се почитува забраната за употреба на дрога, алкохол и цигари во училишниот простор, сепак 25% од нив делумно се согласуваат со ова тврдење, а 15% воопшто не се согласиле.




Од График 19 се гледа дека родителите се поприлично незадоволни од хигиената во училиштето. Ниту еден родител целосно не се согласил дека хигиената во училиштето е на високо ниво.




ОД График20 се гледа дека 90% родителите сметаат дека учениците се информираат во училиштето за можностите за продолжување на своето образование.

График 21. Ако ученикот има емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.) може да побара помош во училиштето.




Иако најголемиот број на родители  се согласиле дека во  училиштето учениците имаат можност да се справат со емоционални потешкотии, сепак една четвртина од нив рекле дека делумно се согласуваат со наведеното тврдење, а 10% сметаат дека учениците немаат можност во училиштето да добијат помош за емоционалните проблеми (График 21)

График 22. Во училиштето се води целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците




Од График 22 се гледа дека мнозинството од родителите сметаат дека во училиштето се води целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците

График 23. Учениците со пречки во развојот и посебни образовини можности добиваат поддршка за индивидуален развој и вклучување во училишната средина




Општо земено родителите сметаат дека уениците со пречки во развојот и посебни образовини можности добиваат поддршка за индивидуален развој и вклучување во училишната средина (График 23).

**Клучни силни страни:**

- Училишниот простор е безбеден за изведување настава;
- Учениците се информираат во училиштето за можностите за продолжување на своето образование;
- Постои грижа за менталното здравје на учениците и постои поддршка за надминување со емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.).
- Во училиштето има поддршка за учениците со посебни потреби и се работи на нивно прифаќање, прилагодување, унапредување на нивниот разој и школско напредување;
- Во училиштето се води целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците;
- Во училиштето учениците добиваат совети за однесувањето во училиштето и надвор од него како и справување со конфликтни ситуации;

**Слаби страни:**

- Хигиената во училиштето;
- Грижа за квалитот на храната што ја консумираат учениците во училиштето;
- Пушењето во училишниот двор

**Препораки:**

Подобрувањето на хигиената во училиштето би опфаќало активности поврзани со систематско укажување на учениците сами да внимаваат на хигиента во училниците (зголемување на свеста за важноста на чистотата во училницата),

подобрување на организациските аспекти на чистењето во училиштето, како и изградба на нова училишна зграда.
Во соработка со локалната заедница да се востановат процедури за проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците од локалните продавници и угостителски објекти. Исто така да се реализираат повеќе активности за едукација на учениците за тоа што е здрава исхрана и важноста од користење на здрава храна.
Да се преземат поригорозни мерки за сузбивање на пушењето во училишниот двор.

**Користени извори на податоци:**

- Годишни програми за работата на училиштето;
- Годишени извештаи за работата на училиштето ;
- Годишни извештаи и годишни програми за работата на стручните активи и стручната служба ;
- Извештаи од реализирани проекти(вклучително извештаи од реализацијата на проекти кои се во тек);
- Извештаи од работата на младинската организација;
- Увид во педагошката евиденција и документација;
- Увид во записниците од советувањето ученици и родители во стручната служба како увид во материјалите од кариерното совеување односно професионалната ориентација ;
- Увид во материјалите од посетата на часовите што ја врши стручната служба;
- Извештаи од работата на советот и одборот на родителите;
- Куќен ред на училиштето;
- Статут на училиштето;
- Увид во анализи за успехот на учениците;
- Увид во училишниот простор;

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

**1.УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

-УГЛЕД/ИМИЏ НА УЧИЛИШТЕТО

1.Училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето.
2.Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.
3. Наставниот кадар ужива респект кај родителите.
4.Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.
5.Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед.

-КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

1.Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите).
2.Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура.
3.Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика.

-УЧИЛИШНА КЛИМА

1.Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот.
2.Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.
3.Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето.
4.Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето.

5.Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

-ПОВЕДЕНИЕ И ДИСЦИПЛИНА ВО УЧИЛИШТЕТО

1.Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето.
2.Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.
3.Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар.
4.Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

5.Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки.

-УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ И РЕШАВАЊЕТО ПРОБЛЕМИ

1.Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура 30, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците.

2. Формиран е ученички парламент што го одразува етничкиот состав на училиштето. Тој во реализацијна својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.).

3.Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

4.Активностите за младинско учество се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на учениците/ученичката заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и ученичкиот парламент.

5.Постојат најмалку 5 реализирани активности на младински активизам во една учебна година.

ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

-Кодекс на однесување;

-анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;

-педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;

-статут на училиштето;

-куќен ред на училиштето;

-пофалби, награди, признанија и др.;

- програма и правилник за работа на ученичката заедница;

-записници од советувања;

-записници од состаноци со ученичката заедница;

- решение за формирање на ученичка заедница и ученички парламент;

-досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани

-иницијативи на младински активизам, покани, материјали за изборни постапки и др.);

-записници од работата наТУИ-Тимот за училишна интеграција.

**2.ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА**

-ПРОМОВИРАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици.
2.Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.
3.Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиштето.
4.Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.
5.Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина.
6. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции.

-ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО

1.Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво.
2.Во екипните натпревари тимовите се со балансиран мешан етнички состав.
3.Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.
4.Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.

ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

-Годишна програма за работа на училиштето;
-изложени трудови на учениците; паноа со пофалби, награди;
- примери на промовирани активности во медиумите за постигнувањата на учениците;
-записници од интервјуа со наставници и со стручни соработници, ученици, родители;
-промотивни материјали за активности;
- правилник за избор на првенец на генерацијата;
-педагошка евиденција;
-соопштенија до медиумите;
- интернет-страница, социјални мрежи и др;
-записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција.

**3.ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ**

-ПОЗНАВАЊЕ И ПРАКТИКУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

1.Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.
2.Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.

3.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.
4.Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

-ЕДНАКОВ И ПРАВИЧЕН ТРЕТМАН НА СИТЕ УЧЕНИЦИ
1.Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.
2.Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).
3.Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.
4.Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

-ПРИФАЌАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ
1.Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.
2.Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.
3.Училиштето планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со балансирани хетерогени групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ
-Педагошка евиденција во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности;
-структура на паралелките; интервјуа со ученици, наставници, родители и со стручните соработници;
-прашалници за учениците и за родителите;
-записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција;
-дневник за работа на стручните соработници;
-оперативен план за наставен час;
-записници од наставнички совет;
-критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.

**4.ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА**

-СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ

1.Училиштето презема добро испланирани ативности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.

2.Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во воннаставните активности.

3.Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

4.Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.

5. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор.

6.Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи, застапеност на родители како членови што се од различни етнички заедници.

7.Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма.

8. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

-СОРАБОТКА СО ОПШТИНАТА И УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА

1.Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

2.Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата.

3.Општината и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето.

4.Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности.

5.Тоа промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во пошироката средина.

-СОРАБОТКА СО ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА И СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

1.Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.

2.Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

3.Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво.

ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ
-Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);
- записници од советот на родители и родителски средби;
-анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;
-педагошка евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност);
-статут на училиштето;
-интернет- страница на училиштето;
-договор со деловната заедница;
-решение за именување на членовите на училиштен одбор;
-проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците;
- записници и одлуки од состаноците на училишен одбор;
-постоење виртуелни и реални ученички компании;
-план за организирани контакти и преписки со деловната заедница;
-организирани трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на деловната заедница;
-документација за добиени спонзорства и донации;
-записници од ученички парламент;
- записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција.

**Јаки страни**

-Училиштето е иклузивно;
-Помеѓу учениците владеат пријателски односи, независно од нивната етничка припадност;
-На училиштето му се важни постигањата,успехот и поведението на учениците ;
- Ученичката заедница во училиштето функционира добро;
-Учениците го почитуваат кодексот на однесување во училиштето;
-Училиштето ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам;
-Училиштето е опремено со потребни надгледни средства и опрема за теоретска и практична настава;
- Училиштето има воспоставен систем на промовирање и информирање за своите постигања;

**Слаби страни**
-Слабиот интерес на родителите за соработка со училиштето;

**Препораки**
-Да се интензивира соработката со основните училишта и околината;
-Вработените да се грижат за угледот на училиштето;
- Во училиштето да постои поголема професионална соработка помеѓу вработените;
- Да се следи поведението и успехот на учениците и навремено да се изрекуваат педагошки мерки;
-Училиштето да ги поттикнува родителите да се вклучат во активностите во училиштето;

**6: Ресурси**

1. **Емилија Брушкоска: тим лидер**
2. **Марија Петровска-член**
3. **Валентина Димитровска-член**

За подрачјето на вреднување 6: **Ресурси индикаторите за квалитет и темите на вреднување, дадени се во табелата подолу:**

| Реден број | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | **Сместување и просторни капацитети** | ▪ Просторни услови<br>▪ Искористеност на просторни капацитети |
| 6.2 | **Наставни средства и материјали** | ▪ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>▪ Училишна библиотека<br>▪ Потрошен материјал<br>▪ Училишна реална или виртуелна компанија<br>▪ Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати |
| 6.3 | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | ▪ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>▪ Ефективност и распоредување на кадарот<br>▪ Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | ▪ Професионален и кариерен развој на наставниците |
| 6.5 | **Финансиско работење во училиштето** | ▪ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет. |

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ

Анкетниот прашалник за подрачјето Ресурси содржеше 11 прашања/констатации за кои требаше анкетираното лице да се изјасни со оценки од 1 до 5 за првото прашање, каде што 1 е најниска, а 5 е највисока оценка, од 1 до 8 за второто прашање, каде што 1 најприоритетно...8 не е приоритетно, со ДА, НЕ и ДЕЛУМНО (6 прашања) и отворени прашања (3).
Прашалникот беше поделен на 50 наставници и стручни соработници, а истиот го пополнија 37:




**Прашање 1:** Дадени се пет констатации. Испитаниците требаше да ја оценат секоја констатацијата со оценка од 1 до 5 (1 најниска оценка, а 5 највисока). При тоа добиени се следниве резултати:

- На прашањето **дали училиштето ги по добрува амбиенталните (просторните) услови за работа( мебел, греење, реконструкција и др.)** 4, 7% од испитаниците одговориле со 1.
- На прашањето **дали училиштето обезбедува нагледни средства за реализација на наставата** 14% од испитаниците одговориле со 2.
- На прашањето **дали училиштето обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните часови**, 20,7 % од испитаниците одговориле со 3.
- На прашањето **дали училиштето обезбедува потрошен материјал за реализација на практичната обука** 10,4 % од испитаниците одговориле со 4.
- На прашањето **дали училиштето обезбедува обуки кои на вработениот му се потребни** 50,2 % од испитаниците одговориле со 5

**Прашање 2:** На прашањето што е приоритет за реновирање на училиштето со бројка од 1 до 8 (1 најприоритетно.....) испитаниците одговориле вака:

- **Менување на делови од кровот** - 17,7 % од испитаниците одговориле со 2

- **Менување на електрична инсталација** - 30 % од испитаниците одговориле со 1
- **Реконструкција/менување на плафон и внатрешни зидови** - 11 % од испитаниците одговориле со 5
- **Реконструкција на надворешна фасада**- 7 % од испитаниците одговориле со 4
- **Менување на патеките околу училишната зграда** - 6,1 % од испитаниците одговориле со 6
- **Реконструкција на ученички тоалети** - 5,3 % од испитаниците одговориле со 7
- **Реконструкција/санирање на фискултурна сала** - 20,4 од испитаниците одговориле со 3
- **Реконструкција на надворешно игралиште-** 2,5 од испитаниците одговориле со 8

**Прашање 3:** Дали од раководниот тим сте побарале да ви обезбеди нагледни средства и други материјали за реализација на наставата?

- 60,7 % одговориле со ДА, 39.2 одговориле со НЕ

**Прашање 4:** Доколку сте побарале, а не ви е обезбедено, наведете што најмногу ви треба за да можете да реализирате квалитетна и современа настава, наставниците одговориле дека:

  - Предметен кабинет;
  - Подобар интернет;
  - Интерактивни табли;
  - Психолошки тест за интелегенција.

**Прашање 5:** Дали имате опрема и материјали за реализација на практична обука?

- 65 % одговориле со ДА, 5,6 со ДЕЛУМНО одговориле 35%.

**Прашање 6:** Што најмногу ви е потребно за успешна реализација на практичната настава и вежбите?

Испитаниците одговориле: повеќе заштитни средства ,алат градинарски, семенски материјал, канцелариски материјал, кабинет, подобра координација ,проектор, и сл.

**Прашање 7:** Дали имате доставено до стручната служба личен план за професионален развој?

- 87 % одговориле со ДА, 13% одговориле со НЕ

**Прашање 8:** Дали сте побарале од раководниот тим да организира одредена обука, која ви е неопходна за реализација на воспитно-образовната работа?

- 43, 5 % одговориле со ДА, 56, 5% одговориле со НЕ

**Прашање 9:** Дали од раководниот тим, ви одобрил обука која ви е потребна, на ваше барање?
- 60, % одговориле со ДА, 40% одговориле со НЕ

**Прашање 10:** Наведете од каква обука имате најголема потреба?

На ова прашање најголем процент од наставниците одговориле дека имаат потреба од обука за дигитално земјоделство. Останатите ги навеле следните обуки: обука за климатски процеси во земјоделието, модерно земјоделство, информатички технологии, работа со ученици кои имаат ПОП, нови методи и техники во наставата.

**Прашање 11:** Дали раководниот тим ве информира за трошење на финансиите (финансов план, финансиски извештај, јавни набавки и сл.)?

- 70 % одговориле со ДА, 7% одговориле со НЕ, 23 % одговориле ПОНЕКОГАШ

## 6.1.ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

**Извори на податоци :**
- **Непосреден увид;**
- **Годишни програми за работа на училиштето;**
- **Годишни извештаи за работата на училиштето;**
- **План за развој на училиштето;**
- **Реализација на План за јавни набавки;**
- **Записници од стручните органи и тела;**
- **Анкетен прашалник.**

### 6.1.1.ТЕМА-ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Училишната зграда на СУГС „Браќа Миладиновци“ од Скопје е изградена како привремен монтажен објект во 1964 година. Располага со 25 училници/кабинети/лаборатории/ библиотека и фискултурна сала за изведување на теоретската настава (3600м$^2$) , административни,помошни простории,училишен двор со спортско игралиште (3000м$^2$). Во училишниот двор има тревник,тематски мини зоо парк, зачинска градина, простории за складирање на храна за животните од зоо паркот, гаражи со земјоделска механизација, стакленик и пластеници, магацини за чување на алат,прибор,машини за изведување на вежби/практичната настава и сл.
Училишниот објект е изведен како челична конструкција со фасадно обложување со панели од рамен салонит, изолација и надворешно обложување со брановиден-ребраст лим.

Плафонот и внатрешните ѕидови се од салонитки, а на повеќе места и азбестни плочи кои се во многу лоша состојба и е потребно истите да се заменат/реновираат(една треттина се веќе заменети од наменската блок дотација и од сопствени средства)
Прозорците се заменети соПВЦ,освен во фискултурната сала.
Целиот објект има лоша термичка изолација.
Кровот на објектот на еден дел е метален ребраст лим, а на еден дел ребрасти азбестни плочи. Од еколошки и здравствен аспект, заради присуството на азбест потребно е да се заменат сите внатрешни облоги и кровот.
Подот во училиштето е во релативно добро состојба. Дел е покриен со плочки,дел со ламинат и дел со линолеум.
Санитарните чворови се во релативно добра состојба.
Училиштето располага и со тоалет за ученици со телесна попреченост.
Фискултурната сала е во лоша состојба и е потребно нејзино реновирање.
Греењето во училиштето е со радијаторски систем со топла вода која се загрева со помош на нафта.
Електричната инсталација е застарена, па често пати системот паѓа доколку се приклучат поголеми потрошувачи. Инсталацијата не е заменета од 1964 година. Поради застарената инсталација во училиштето потребно е итно заменување на старата електрична инсталација.

За подобро искористување на просториите (поради поделба на некои паралелки во 2 или 3 групи), во 2021година една училница е поделена на две помали училници, додека друга училница е поделена на два дела во кои се сместени педолошката/агрохемиската/хемиската лабораторија, а во другиот дел сместена е лабораторијата за фитомедицина/микробиологија/биологија. Во двете лаборатории има чешма со вода.
Во училишниот објект се поставени хоризонтални окапници (356 м) и вертикални олуци (136 м)-претходно немаше. Окапници и олуци нема поставено само во делот/трактот каде што се наоѓа фискултурната сала.

Зоо паркот и училишниот двор се искористуваат за реализација на практичната обука,вежби, нагледно за сите образовни профили,одржување на настани од различен карактер и сл.
Во Зоо паркот има живеалишта за : кози и овци со вијадукт изградено од дрво;За коњи,магарења,лама ;За срни;За зајаци ;За птици ;Зидано живелаиште во кое има подно греење, вода и клима уред за животни кои сакаат топли услови ;Живеалиште за свињи;Надворешна училница (настрешница) во која што учениците реализираат дел од вежбите и наставата;Настрешница во која се чува кабаста храна за животните;Зидан објект за зрнеста храна и алат;Мини езерце за птици; Настрешница за земјоделска механизација, Две гаражи.
Во училишниот двор има и аквапоника(нејзината изградба беше финансирана од Фондот за иновации и технолошки развој во рамките на проектот Млади Истражувачи 2 и училиштето);Пчеларник со 8 пчелни семејства и потребни материјали и алати за успешно пчеларење(Пчеларникот е финансиран од UPSHIFT програмата за социјално претприемиштво. Во рамките на овој проект се реконструираше и една мала училница наменета за пчеларство); Вертикална градина( финансирана од Фондот за иновации и технолошки развој во рамките на проектот Млади Истражувачи 3 и училиштето);Мини стакленик за одгледување на цветни и зеленчукови растенија(подигнат со од Балканската

фондација во рамките на проектот “Промоција на органското производство во средните стручни училишта“, финансиран од Чешката Република);Зачинската градина(за одгледување зачински и ароматични растенија во која е сместена и Јапонската градина, која е изградена во рамките на проект од Еразмус + програмата); Две леи со калифорниски црви;Парцела каде нагледно се одгледуваат градинарски култури (поделена е на 4 помали парцели во кои се направени патеки со бекатон плочки и потпорен бетонски ѕид).

## 6.1.2.ТЕМА-ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Просториите во училиштето зафаќаат околу 3600м$^2$,во кои влегува и фискултурната сала , додека училишниот двор зафаќа површина од 3000 м$^2$во кои влегува ЗОО паркот, помошните простории за училишната економија, зачинската и зеленчуковата градина, заштитените простори, како и цветните градини (алпинетуми, розариуми и повеќегодишни растенија и грмушки).
Наставата во училиштето од учебната 2022/2023година се изведува во една смена.

Наставата во училиштето се изведува во 25 простории. Дел од паралелките се делат на 2 или 3 групи (според образовниот профил/квалификација). Во училиштето функционираат повеќе секции, се реализираат различни проекти и сл. Просторните капацитети со сите воспитно образовни активности се максимално искористени согласно Распоредот на часови за сите паралелки.
Училиштето има изработено шема за искористување на просторните капацитети.
Поради лошата состојба во којашто се наоѓа дел од училишниот објект, тимот за реновирање на училиштето (составено од вработени во училиштето, ученици,родители и членови на Училиштен одбор) и оваа учебна година ќе ја користи приоритетната листа според која треба да се изнајде начин за санирање на лошата состојба на училишниот објект.Сите наведени активности имаат ист приоритет.

| Ред.бр. | Опис на приоритет на активност-ресурси |
|---|---|
| 1. | Менување/реконструкција на внатрешните ѕидови и плафонот(делумно се реновирани) |
| 2. | Реконструкција на надворешната фасада (со ставање на термоизолација )- делумно е реконструирана |
| 3. | Менување на патеките околу училишната зграда(под стреите)-делумно е реконструирана |
| 4. | Менување на делови од кровот |
| 5. | Менување на електричната инсталација |
| 6. | Реконструкција/санирање на фискултурната сала |
| 7. | Реконструкција на надворешно игралиште |
| 8. | Реновирање на училишните ученички тоалети |

## 6.2.ТЕМА:ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ:НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ

Извори на податоци:

- Извештај од реализација на Плановите за јавни набавки;
- Непосреден увид;

- ❖ Пописни листи;
- ❖ Увид во библиотечниот фонд;
- ❖ Годишни програми за работа на училиштето;
- ❖ Годишни извештаи за работа на училиштето;
- ❖ Извештај од последна интегрална евалуација;
- ❖ Склучени договори со економски оператори;
- ❖ Записници одстручни органи и тела;
- ❖ Анкетен прашалник.

### 6.2.1.ТЕМА:ОПРЕМЕНОСТ СО СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА И НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА

- Во училишната библиотека има стручна литература за сите наставни предмети. Наставниот кадар од претпоставените многу малку бара да се обезбеди одредена стручна литература.Најголем процент од стручната литература припаѓа на земјоделско- ветеринарната струка.

- Опрема,нагледни средства и помагала

За реализација на целокупниот воспитно образовен процес училиштето располага со следнива опрема нагледни средства и помагала: 13штампачи–принтери,58лаптопи,32таблети,10проектори,3 платна за проектирање, 2CD, флипчарт1табла,14паметни табли,7 табли XP-PEN нагледни средства по биологија, нагледни средства по хемија во рамките на лабораторијата по хемија, хируршки сет во рамките на ветеринарната лабораторија, разновидни постери, слики и сл.Кабинетот по информатика располага со 19 персонални компјутери. Училиштето поседува и асистивна технологија наменета за ученици со посебни образовни потреби. Во 2025година Градот Скопје го опреми училиштето со 5 прочистувачи на воздух и 1 интерактивна табла со држач како и со 5 лаптопи. Во текот на 2025 година училиштето беше збогатено со уреди за следење на процесот на производство на печурки како донација и тоа: термо-хигрометар, убоден термометар, вага, дигитален микроскоп, $CO_2$ метар, ламба против инсекти и вреќи со супстрат подготвени за развивање печурки.

Во рамките на ,,училишната економија” која се наоѓа во составот на училишниот двор е училишниот Зоо парк во кој живеат и се одгледуваат домашни и диви животни. Во паркот се има изградено живеалишта за животни и тоа:

- * Живеалиште за срни.
- * Живеалишта за птици од најразлични видови.
- * Живеалиште со 2 простории на егзотични животни.
- * Живеалиште за кози и овци.
- * Живеалиште за коњи,магаре и лама.

- * Езерце од10м2 кое служи за потребите на живината која користи водена

површина за пливање.
* Надворешна настрешница/летниковец во која се реализираат вежби, практична и друга настава.Во настрешница/летниковец има етно катче и надворешна библиотека.
Во училишниот двор се сместени и„објекти“за одгледување на растенија,односно:
* Современ стакленик,донација од Владата на ЧешкатаРепублика.
* Аквапоника
* Два пластеника со површинаод 20 м2 коисе користат за производство на цвеќе во затворен простор.
* Зачинска градина,која е опремена со соларна/електрична сушара за овошје и зеленчук
* Автоматска метеоролошка станица
* Розариум.
* Мал овоштарник.
* Парцели за одгледување на зеленчукови растенија и цвеќе.
* Калифорниски црви
* 6 кошници со пчели со целокупна потребна опрема
* Земјоделско земјиште земено под концесија од МЗШВ(20000м2).

Училиштето располага со земјоделска механизација која се состоиод:
* Трактор ИМТ 539
* Трактор Ландини 85кс(во неисправна состојба)
* Трактор Џон Дир
* Приклучна механизација(Фреза,Тањирача,Плугови-двобраздни и тробраздни,Железна брана-двокрилна и трокрилна,Ѓубрерастурач,Редосеалка за житни култури-лоша состојба,Утоварач /корпа).
* Две приколки.
* Два мотокултиватори-ИМТ507со фреза и плуг и Ломбардини со фреза и плуг
* Косачки за трева
* Тракторска косилка
* Тример
* Бензиска ножица–тример за жива ограда
* Моторна смукалка-дробилка и дувалка за чистење лисја
* Рачен алат за обработка на почвата и др.

Според потребите на наставниците се планира збогатување на училиштето со следнава опрема, нагледни средства и помагала:
- Набавка на клупи,столчиња и табли за неколку училници
- Набавка на лабораториски материјали за училишните лаборатории
- Набавка на опрема и нагледни средства по одредени предмети во зависност од ,,побарувањата ,, на предметните наставници
- Набавка на алат, опрема и други материјали за реализација на вежби

Училиштето располага со домашни и диви животни кои се сместени воЗООпаркот.Во овој дел учениците изведуваат практична настава и вежби од сите образовни профили.

### 6.2.2.ТЕМА:УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА

Училиштето располага со училишна библиотека.Училишната библиотека е комплетно реконструирана и опремена со нов мебел.
Во училишната библиотека има повеќе од 5000наслови,во кои има лектирни изданија, стручна и друга друга литература.Според последниот попис-за 2024год.има 18602книги.

### 6.2.3.ТЕМА:ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ

Училиштето во континуитет води грижа за набавка на канцелариски материјал, средства за хигиена и заштита при работа, средства за одржување на зградата,нафта за греење и друго што е потребно за непречено одвивање на образовниот процес.
Училиштето континуирано обезбедува наставни средства и помагала за реализација на теоретската настава,праксата ,вежбите.
Училиштето е покриено со оптички интенет и седум вифи мрежи кои ги задоволуваат потребите на учениците и вработените.
За нормално функционирање на зоо паркот,заштитените простории,,,градините” и сл. училиштето набавува потрошен материјал како семе, садници, ѓубриво, супстрат, фолии, црева за наводнување, вреќи, саксии, алати, заштитни средства,храна за животни, и сл.

## 6.3 ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР

**Извори на податоци:**

- **Увид во досиејата на вработените;**
- **Увид во Нормативите за наставанек кадар;**
- **Увид во извештаите на стручната служба.**

### 6.3.1. ТЕМА: БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И СООДВЕТНОСТ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Работата на една организација не може да се замисли без материјално-технички, финансиски, информациски и човечки ресурси.

Луѓето со своите способности и целокупниот ментален и физички капацитет претставуваат најважен ресурс во една организација.
Стратешките планови на училиштето (квалитетно образование) не може да се реализираат без да се обезбеди соодветна кадровска структура, затоа што успехот на секоја организација пред сè зависи и од луѓето кои работат во неа.
Во учебната 2025/2026 година се планира во училиштето да работат 70 лица. Од нив најголем процент се наставен кадар. Дел од наставниците надополнуваат часови во други училишта.

| | Вкупно | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 70 | 28 | 43 | 13 | 35 | 13 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на наставен кадар | 51 | 21 | 30 | 8 | 22 | 11 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на стручни соработници | 5 | 1 | 4 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Административни работници | 2 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Техничка служба | 12 | 5 | 7 | 4 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Директор | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 58 |
| Виша стручна спрема | / |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 5 |
| Вкупно | 70 |

| Старосна структура на вработените | Број на вработени |
|---|---|
| Од 20 до 30 | 6 |
| 31-40 | 21 |
| 41-50 | 24 |
| 51-пензија | 19 |

## 6.3.2. ТЕМА: ЕФЕКТИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КАДАРОТ

Повеќето наставници кои предаваат општообразовни предмети имаат помал број на часови во матичното училиште. Согласно политиката на Градот Скопје, ваквиот

наставен кадар се сместува во останатите градски средни училишта каде што има потреба за тоа.
За учебната 2025/2026 година целиот наставен кадар кој е вработен на неопределено работно време има полн фонд на часови.
Што се однесува пак до административно техничкиот кадар и до стручната служба, сите обврски кои произлегуваат од работното место ги реализираат во рамките на 40 часовно работно време во текот на неделата.

### 6.3.3. ТЕМА: СТРУЧНА СЛУЖБА КАКО ПОДДРШКА НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Стручната служба ја сочинуваат: Педагог, психолог, дефектолог, и библиотекар. Во училиштето има лице кое ја извршува функцијата соработник по практична настава. Стручната служба соработува со наставниците во следење на напредокот на учениците, , справување со „проблематичните“ ученици, поддршка при работа со ученици со посебни образовни потреби, при организација и реализација на практичната обука и сл.

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Наставата ја реализираат стручни и компетентни наставници;
2. Стручната служба им дава поддршка на наставниците во реализација на сите фази од воспитнообразовниот процес

**СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Има наставници кои не се соодведни за одредени наставни предмети( и наставници кои се студенти)
2. Има наставници на неопределено работно време кои немаат ниту еден час во матичното училиште и сеуште не се поведени постапки за нивно превземање.
3. Висок процент на наставници кои се вработени на одредено работно време.

**ПРЕПОРАКИ**

1. Поддршка на наставниците да се стекнат со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка;
2. Да се вработат дипломирани кадри (или поддршка на вработените побрзо да го заокружат високото образование);
3. Да се водат постапки за трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време.
4. Да се преземат активности за преземање на наставниот кадар во училиштата каде што се подолг временски период распоредени за надополнување на часови

## 6.4 ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

**Извори на податоци:**

- **Програма за професионален развој на наставниците;**
- **Досиеја за личен професионален развој на наставниците;**
- **Извештаи од обуки, сертификати, потврди и сл.;**
- **Листи од спроведени интерни обука;**
- **Програма за менторирање на приправникот;**
- **Извештаи од наставнички совети;**
- **Разговори, интервјуа.**

Секој наставник треба да поседува одредени знаења, вештини и компетенции, кои не се стекнуваат само со неговото базично образование.
Современиот наставник континуирано се усовршува со стручни знаења, педагошки вештини, нови технологии, како и да биде флексибилен и отворен кон промените во образовниот систем и комуникацијата со родителите.

### 6.4.1 ТЕМА: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Професионалната обука и усовршувањето на наставниците директно влијае на квалитетот на образовниот процес, односно влијае врз зголемување на успехот на учениците и ефективниот развој на учениците и нивно вклучување во општествениот живот и работа.
Професионалниот развој на наставниците е нов концепт во наставничката професија, со кој на поинаков начин наставникот се подготвува за извршување на својата работа.
Согласно законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование, наставникот во текот на својата работа е должен континуирано професионално да се усовршува (60 часа во текот на 3 учебни години) преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од МОН, интерно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење (најмалку 40 часа од акредитирани програма за обука).
Училишниот тим за професионален развој го сочинуваат:

- Осман Бајрами-вд директор
- Оливера Величковска-педагог (стручен соработник);
- Претседателите на стручните активи.

Наставникот и стручниот соработник секоја учебна година (до 30 јуни во тековната учебна година) изготвува План за личен професионален развој согласно Правилникот за формата и

содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното и средното образование.

**ЈАКИ СТРАНИ**

1. Училиштето им обезбедува на наставниците, стручната служба и другите вработени различни обуки;
2. Менторите го следат и подучуваат приправникот.

**ПРЕДИЗВИЦИ**

1. Поголема контрола при реализација на плановите за професионален развој на наставниците и стручните соработници.
2. Организирање на обуки според потребите на вработените.

## 6.5.ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

**Извори на податоци:**

- **Финансиски планови;**
- **Финансиски извештаи**
- **Планови за јавни набавки;**
- **Извештаи од резвизија;**
- **Извештаи од училишен одбор;**
- **Извештаи од Наставнички совет;**
- **Извештаи од консултанти за ЈН;**
- **Решенија за комисии за ЈН;**
- **Извештаи од комисии за ЈН;**
- **Договори од проекти финансирани од различни организации;**
- **Анкетен прашалник.**

Финансирањето на СУГС „Браќа Миладиновци“ е резултат на Блок дотацијата од Градот Скопје (сметка 903 13), од сопствени приходи (сметка 787 19), од различни проекти (сметка 785), од Министерство за обрзование и наука на Република Северна Македонија (сметка 603 13) и од Градот Скопје (сметка 603 11).

Во 2023 година Во СУГС „Браќа Миладиновци“ училиштето располагаше со следниве сметки:

1. Сметка 903 13 Град Скопје/Блок дотација, со приход од 47.469.626,00денари
2. Сметка 787 19 /Сопствени приходи, со приход од 1.542.292,00денари
3. Сметка 603 11 Град Скопје, со приход од 95.559,00 денари
4. Сметка 785 Б1-ЕРАЗМУС, со приход од 234.008, 00 денари

5. Сметка 785 Ц6-Проект од фонд за иновации со приход 60.000,00денари

| Сметка | Приходи | Расходи | Остаток |
|---|---|---|---|
| **Сметка785010363890313 Блокдотација** | 47.469.626,00 | 47.469.626,00 | 0 |
| **Сметка785010363878719 Самофинансирачка** | 1.542.292,00 | 527.654,00 | 1.014.638,00 |
| **Сметка785010363860311 ГрадСкопје** | 95.559,00 | 95.559,00 | 0 |
| **Сметка 785 Б1-ЕРАЗМУС** | 234.008,00 | 234.008,00 | 0 |
| **Сметка785 Ц6-Проект од фонд за иновации** | 60.000,00 | 60.000,00 | 0 |
| **Вкупно** | 49.401.485,00 | 48.386.847,00 | 1.014.638,00 |

Во 2024 година Во СУГС „Браќа Миладиновци" училиштето располагаше со следниве сметки:

1. Сметка 903 13 Град Скопје/Блок дотација: со приход од 52.155.206, 00 денари
2. Сметка 787 19 /Сопствени приходи: со приход од 653.900, 00 денари
3. Сметка 603 11 Град Скопје: со приход од 133.336, 00 денари

| Сметка | Приходи | Расходи | Остаток |
|---|---|---|---|
| **Сметка785010363890313Блокдотација** | 52.155.206, 00 | 52.155.206, 00 | **0** |
| **Сметка785010363878719Самофинансирачка** | 1.668.538,00 | 1.168.068,00 | **500.470,00** |
| **Сметка785010363860311ГрадСкопје** | 133.336,00 | 133.336,00 | **0** |
| **Вкупно** | **53.957.080,00** | **53.456.610,00** | **500.470,00** |

**Сметка 787**

| Расходи по конта | 2023година | 2024година |
|---|---|---|
| Патувања во земјата и странство/420 | 1.956,00денари | 328.392,00денари |
| Комунални трошоци/421 | 5.618,00 денари | 3.097,00 денари |
| Материјали и ситен инвентар/423 | 131.600,00денари | 383.030,00денари |
| Поправки и тековно одржување/424 | 27.174,00денари | 58.583,00денари |
| Договорни услуги/425 | 137.848,00денари | 67.192,00денари |

| | | |
|---|---|---|
| Оперативни расходи/426 | 223.458,00денари | 285.774,00денари |
| Купување опрема/480 | ////////////// | ////////////// |
| Купување мебел/483 | ////////////// | ///////////// |
| Купување во нефинансиски средства/485 | ////////////// | 42.000,00 |
| | | |

### 6.5.1. ТЕМА: ПОСТАПКИ СО КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

За законската регулатива за финансиско работење задолжен е сметководител кој во нашето училиште доаѓа само еден ден во неделата,благајник/архивар и едно лице со лиценца за јавни набавки.
Последната извршена ревизија на регуларност на постапките за јавни набавки, и ревизија на процесот на остварување и користење на приходите од сопствената сметка е извршен од 10.02 до 31.03.2022 година , а конечниот извештај е доставен во април 2022 година.
Целта на ревизијата е да се утврди дали во процесот на доделување на договори за јавни набавки е обезбедено јавност, транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори и е овозможен избор на најповолна понуда. Потоа, да се утврди дали е обезбедено законско и наменско трошење на буџетските средства при реализација на договорите за јавните набавки, како и зајакнување на контролниот процес во остварување и располагање со сопствените приходи.
Во Конечниот ревизорски извештај за 2020/2021 дадени се 7 наоди на јавните набавки и дадени се 11 препораки за надминување на утврдените состојби.
Врз основа на наодите и препораките, училиштето изготви акциски планови за преземање на мерки во врска со конечните извештаи и препораките дадени од ревизорите.
До Секторот за внатрешна ревизија после 3 месеци доставена е информација за преземените мерки и активности по однос на акциските планови, од кои се гледа дека постапено е по сите препораки, што укажува дека училиштето ја почитува законската регулатива за финансиско работење.
Училиштето има лице за јавни набавки и користи и консултантски/советодавни услугуи од консалдинг биро.Потребно е да се обучат повеќе лица т.е. да се стаекнат со лиценца за јавни набавки и истите да учествуваат активно во спроведувањето на јавните набавки.

### 6.5.2 ТЕМА: ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПЛАНИРАЊЕ И ТРОШЕЊЕ НА БУЏЕТОТ

Училиштето ги информира вработените за финансиското работење на училиштето. Одговорните лица изготвуваат финасиски планови, финансиски извештаи и прават анализи на трошоците. Анализата на приходите и расходите за сите сметки ја презентира пред сите органи и тела во училиштето и истите ги доставува и до Градот Скопје.

За потребите од материјали и опрема училиштето се консултира со вработените, а потоа прави спецификација за потребата од набавка на одредени материјали и опрема.

Училиштето ги намалува непродуктивните трошо;училиштето обезбедува финансиски средства од други извори;Училиштето ја почитува законската регулатива при трошењето на финансиските средства.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Тим за самоевалуација на подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политили
1. Нехат Реџепи- лидер на тимот
Индикаторите за квалитет и темите на вреднување, :
Реден број Индикатори за квалитет Теми
1.1. Управување ираководење со училиштто
 Управување со училиштето
 Раководење со училиштето
1.2. Креирање на училишната политика
 Јасност и соодветност на мисијата и
визијата
 Процедури за креирање на училишната
политика
 Резултати од развојното планирање
Извори на податоци:
 Статут на училиштето
 Годишна програма за работа на училиштето;
 Развоен план на училиштето;
 Извештаи за работата на училиштето;
 Деловник за работа на Училишниот одбор;
 Записници, одлуки, извештаи за работата на Училишниот одбор;
 Самоевалуација;
 Програма за работа на директорот;
 Програма за професионален развој на директорот;
 Записници од УО, Наставнички совет, Совет на родители и сл.;
 Финансиски планови и финансиски извештаи;
 Анкетен прашалник
- анкетниот прашалник е наменет за наставниците, родителите, учениците и членовите на училишниот одбор. Од наставниците анкетниот прашалник го пополниле 30 наставници (53,57%), а од 108 ученици и родители, прашалникот го пополниле 36 (33,33 %).
- анкетен прашалник наменет за членовите на училишен одбор (го пополниле 10 членови, односно 99,90 %).
Анкетниот прашалник наменет за наставниците беше поделен на 3 дела во кои се дадени искази на кои анкетираните наставници треба да одговорат со: Точно, Делумно точно, Неточно и Незнам.
- првиот дел се однесува на Управување со училиштето и содржи пет искази;
- вториот дел се однесува на Раководење со училиштето и содржи пет искази и
- третиот дел е наменет за Креирање на училишни политики и содржи пет искази.

7.1. ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО
7.1.1. ТЕМА: УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО
Со училиштето управува Училиштен одбор составен од 12 членови. Од членовите 4 се од

редовите на наставниците, 3 се претставници од родителите, 3 претставници од основачот-
Градот Скопје, 1 претставник од Министерство за образование и 1 претставник од
Стопанска комора.
Членовите на Училишниот одбор се избрани согласно Законот за средно образование и
Статутот на училиштето. Изборот на членовите претставници од родителите и наставниците
е извршен на транспарентен начин

ЈАКИ СТРАНИ:
- Училишниот одбор е конституиран согласно законот и статутот на училиштето;
- Во училишниот одбор членуваат мажи и жени, претставници на училиштето, родителите, локалната самоуправа и МОН при што се водело сметка за етничката и родовата застапеност;
- Училишниот одбор работи врз основа на Деловник за работа (дел.број 02-283/11
од 16.05 2014 година) во кој е регулирана работата на УО, односно кои претставници се членови, како се подготвува, свикува седница и како работи УО,
кој раководи со седницата и како и зошто може да се се отповика челн на УО;
- Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и другите училишни структури.

СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ:
- Училиштето да обезбеди обука за секој нов член, заради успешно извршување
на улогата на управување.

ТЕМА: РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО
Со училиштето раководи директорот на училиштето. Во законот за средно образование наведени се обврските на директорот при раководењето со училиштето. Директорот секоја учебна година изработува Програма за работа, а на крајот од учебната година поднесува Извештај за својата работа.
Врз основа на анаилизите кои ги направи тимот за самоевалуација за подрачјето 7- Управување, раководење и креирање политики за интикатор Раководење со училиштето добиени се следниве резултати

ЈАКИ СТРАНИ:
- Училиштето е успешно раководено во изминатиот период;
- Директорот објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето;
- Директорот се залага да обезбеди квалитет и унапредување на воспитно-образовната работа;
- Воспоставува продуктивни партнерства и во пошироката заедница, како и партнерства на активности за МИО;
- Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно-образовната работа.

СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ:
- Да се изработат критериуми за оценување на работата и наградување на вработение;
- Освен презентирањето на работата на училиштето преку извештаи пред наставнички совет, истите да се истакнуваат и на огласна табла со цел оние кои со внимание не го следиле презентирањето, да можат истите да ги прчитаат и да
добијат информација за работата на раководниот орган.
ИНДИКАТОР ЗА КВАЛИТЕТ: КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА
Извори на податоци:
 Статут на училиштето
 Годишна програма о Годишен извештај за работа на училиштето;
 Записници, одлуки, извештаи за работата на Училишниот одбор, Наставнички совет/Совет на родители;
 Самоевалуација
 План за развој на училиштето;
 Програма за работа на директорот;
 Акциони планови;
 Анкетен прашалник.
ТЕМА: ЈАСНОСТ И СООДВЕТНОСТ НА МИСИЈАТА И ВИЗИЈАТА
Сегашноста и иднината на своето „опстојување“ и работење, училиштето ја има преточено во својата мисија и визија, а како двигател на реализација на визијата и мисијата служи мотото.
Моменталната мисија и визија на училиштето е дадена подолу. После анализата на процесот на самоевалуација ќе следи нова мисија и визија.
Во креирање на мисијата, визијата и мотото на училиштето свое учество земаа вработените, учениците и родителите.
Училиштето прави напори да ја оствари својата визија и мисија, преку нудење на квалитетно
теоретско и практично образование, во мултиетничка средина, поттикнувајќи ја и
практицирање на инклузивното образование.
7.1.2. ТЕМА:ПРОЦЕДУРИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА
Во училиштето се реализира настава на два наставни јазика: македонски и албански наставен јазик. Во него се образуваат и ученици со посебни образовни потреби. Сите субјекти вклучени во животот на училиштето се трудат да ги подобрат условите и да ги реализираат сите зацртани цели.
Политиките кои ги креира и спроведува училиштето се вградени во неговата мисија и визија.
Креирањето на училишните политики е резултат на Развојното планирање и Годишните програми за работа на стручните органи и тела преточени во Годишната програма за работа на училиштето.
Стручните органи и тела на седница ја донесуваат својата програма за работа и истата јапрезентираат пред Наставничкиот совет. Овие програми се вградуваат во Годишната програма за работа на училиштетокоја што се презентира освен пред Наставнички совет и пред Училишен одбор, Совет на родителите, одбор на родители и ученичка заедница.
Потоа истата се праќа до Советот на Градот Скопје на усвојување.
РЕЗУЛТАТИ ОД РАЗВОЈНОТО ПЛАНИРАЊЕ

Развојниот план на училиштето е резултат на потребите на вработените и учениците, како и на потребите на опкружувањето, а главна цел на развојното планирање е да се реализираат целите и образовните политики на државата. Секоја учебна година во програмата за работа на училиштето се вградуваат резултатите кои треба да се испорачаат за да се оствари мисијата и визијата, а дали се постигнати тие резултати училиштето поднесува годишен извештај за неговата работа.

За остварување на целите (резултатите) од Развојното планирање, училиштето поднесува извештај до сите структири и надлежни институции.
ЈАКИ СТРАНИ
- Мисијата и визијата се резултат на заедничката определба на сите чинители во воспитно образовниот процес во училиштето. За нивна реализација вклучени се сите субјекти.
- Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на МИО, инклузијата, намалување на насилството.
- За реализација на развојниот план, училиштето во форма на извештаи ги информира училишниот одбор, наставничкиот совет и другите вработени, родителите и локалната заедница.
СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ
- Акциските планови да се достават до сите стручни активи за поедноставно и полесно следење на остварувањето на целите.

## Сумарни резултати од самоевалуацијата

### 1. Наставни планови и програми

Клучни јаки страни:

- Целосно испланирани и реализирани наставни планови и програми (според МОН).
- Редовно водење на педагошка документација.
- Наставниит кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Во рамките на слободните часови/проектни активности, содржини програмирани од училиштето, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучително и програми за стекнување знаења и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието, како и еколошки стандарди за одржлив развој и еколошкитеми .
- Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат во училиштето, на општинско, регионално, државно или на меѓународнониво
- Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки на однесување на учениците.
- Активен пристап во сите понудени современи компоненти на наставата
- Учество на сите натпревари на локално, градско и државно ниво.
- Им се овозможува на сите наставници присуство на интерни и екстерни семинари, обуки, работилници.
- Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.
- Подготвеност за осовременување на наставата.
- Изготвување на индивидуални образовни планови за ученици со посебни потреби.

Слаби страни:

- Учениците имаат премногу редовни предмети, а малку време за воннаставни активности.
- По одделни предмети наставата ја реализира несоодветен стручен кадар.
- Мал процент на реализирана дополнителна и додатна настава.
- Слаб интерес кај родителите за учество во активностите во училиштето.

Идни активности: приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

1. Да се зголеми процентот на реализирана додатна и дополнителна настава.
2. Подобри материјално-технички услови за реализација на наставните планови и програми .

3. Подобрување на редовноста на учениците.

2. **Постигања на учениците**

**Клучни јаки страни**

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;
- Навремено известување на родителите за напредокот на учениците, но и за нередовноста и поведението
- Висока согласност кај наставниците дека ги поттикнуваат учениците на критичко размислување, самостојност и аргументација, што е потврдено и од учениците и родителите.
- Позитивна перцепција кај родителите за улогата на наставникот во мотивацијата и проширувањето на интересите на учениците, како и дека иновативноста на наставниците го зголемува интересот за учење.
- Позитивна оценка за влијанието на додатната настава, особено кај родителите.

**Слаби страни**

- Недоволна мотивираност кај учениците за подобрување на квалитетот на знаењата и подобрување на целокупниот успех. Постои разлика меѓу перцепцијата на наставниците и учениците во однос на доволноста на знаењата за редовно исполнување на наставните обврски, што укажува на можни разлики во очекувањата или проценките за ниво на подготвеност.
- Недоволна присутност на родителите во животот и работата на училиштето
- Ниска перцепција за непосредна подготвеност на учениците за вработување, и покрај наставниот процес: и кај учениците и и кај родителите.
- Потреба од зголемување на вклученоста во натпревари и активности, иако наставниците ги охрабруваат учениците, дел од учениците чувствуваат дека знаењата не се секогаш доволни за натпреварувања.

**Идни активности за подобрување на слабите страни**

- Развивање на наставни содржини со поголем фокус на практични и применливи знаења, кои ќе ја зголемат подготвеноста за идниот работен ангажман.
- Продлабочување на соработката со надворешни институции и компании за реални проекти, практична настава и кариерно советување.
- Зголемување на бројот и разновидноста на натпревари, работилници и проекти, со активна вклученост на учениците.
- Поттикнување на присуство на додатна и дополнителна настава.
- Подобрување на редовноста во наставата преку мотивација на редовните ученици во наставниот процес

- Вклучување на родителите со цел подобрувањето на постигнувањата на учениците во целиот воспитно-образовен процес.
- Вклучување на родителите преку тематски настани, денови на отворени врати и редовна комуникација, со цел поддршка во учењето и вонваннаставниот развој на учениците.
- Континуирано усогласување на очекувањата меѓу наставниците и учениците, преку формативно оценување, повратни информации и индивидуален пристап.

## 3. Учење и настава

Клучни јаки страни

- Соработката на наставниците со стручната служба при изработка на планирањата (подолгорочни – процесно развојните, тематски, кусорочни – дневни или по наставни единици и изработка на индивидуален образовен план).
- Наставниците имаа планирање и подготовка за час со јасна структура за текот и изведбата на часот, предвидени начини на наставна работа и приоди во поучувањето и учењето.
- Родителите и учениците се навремено и транспрентно информирани за напредокот и постигнувањата на учениците во однос на очекуваните исходи и/или индивидуалните цели.
- Знаењето стекнато во училиште му помога на ученикот во приватниот и професионалниот живот, а дополнителната/додатната настава до доусовршуваат знаењето.
- Во училиштето се промовира прифаќање, почитување, толеранција и соработката.

Слаби страни

- Учениците не се вклучени во изработка на наставните планови и програми.
- Родителите не се сигурни дали учениците учествуваат и се пријавуваат на натпревари.
- Родителите и учениците сметаат дека учењето преку работа кај работодавач не се реализира целосно во компании согласно наставниот план и програма.

Идни активности

- За учеството во воннаставни активности и секции учениците треба да добијат признанија за постигањата во вид на сертификати, пофалби, награди.
- Интензивирање на соработката со родителите на учениците, создавање на мапа за тековна професионална врска и разбирање на комуникацијата како заедничка активност;

- Промовирање доверба и разбирање за градење партнерства со семејствата.
- Проширување на листата со реномирани компании со социјално и економско значење за секторот со тенденција за оформување на нови дуални паралелки

## 4. Поддршка на учениците

**Клучни силни страни:**

- Училишниот простор е безбеден за изведување настава;
- Учениците се информираат во училиштето за можностите за продолжување на своето образование;
- Постои грижа за менталното здравје на учениците и постои поддршка за надминување со емоционални потешкотии (лични проблеми, проблеми во семејството, проблеми во односите со професорите итн.).
- Во училиштето има поддршка за учениците со посебни потреби и се работи на нивно прифаќање, прилагодување, унапредување на нивниот разој и школско напредување;
- Во училиштето се води целосна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците;
- Во училиштето учениците добиваат совети за однесувањето во училиштето и надвор од него како и справување со конфликтни ситуации;

**Слаби страни:**

- Хигиената во училиштето;
- Грижа за квалитот на храната што ја консумираат учениците во училиштето;
- Пушењето во училишниот двор

**Препораки:**

Подобрувањето на хигиената во училиштето би опфаќало активности поврзани со систематско укажување на учениците сами да внимаваат на хигиента во училниците (зголемување на свеста за важноста на чистотата во училницата), подобрување на организациските аспекти на чистењето во училиштето, како и изградба на нова училишна зграда.
Во соработка со локалната заедница да се востановат процедури за проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците од локалните продавници и угостителски објекти. Исто така да се реализираат повеќе активности за едукација на учениците за тоа што е здрава исхрана и важноста од користење на здрава храна.
Да се преземат поригорозни мерки за сузбивање на пушењето во училишниот двор.

**Користени извори на податоци:**

- Годишни програми за работата на училиштето;
- Годишени извештаи за работата на училиштето ;

- Годишни извештаи  и годишни програми  за работата на стручните активи и стручната служба ;
- Извештаи од реализирани проекти(вклучително извештаи од реализацијата на проекти кои се во тек);
- Извештаи од работата на младинската организација;
- Увид во педагошката евиденција и документација;
- Увид во записниците од советувањето ученици и родители во стручната служба како увид во материјалите од кариерното совеување односно професионалната ориентација ;
- Увид во материјалите од посетата на чаосвите што ја врши стручната служба;
- Извештаи од работата на советот и одборот на родителите;
- Куќен ред на училиштето;
- Статут на училиштето;
- Увид во анализи за успехот на учениците;
- Увид во училишниот простор;

## 5. Училишна клима

Јаки страни

-Училиштето е иклузивно;
-Помеѓу учениците владеат пријателски односи, независно од нивната етничка припадност;
-На училиштето му се важни постигањата,успехот и поведението на учениците ;
- Ученичката заедница во училиштето функционира добро;
-Учениците го почитуваат кодексот на однесување  во училиштето;
-Училиштето ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам;
-Училиштето е опремено со потребни надгледни средства и опрема за теоретска и практична настава;
- Училиштето има воспоставен систем на промовирање  и информирање за своите постигања;

Слаби страни

-Слабиот интерес на родителите за соработка со училиштето;

Препораки

-Да се интензивира соработката со основните училишта и околината;
-Вработените да се грижат за угледот на училиштето;
- Во училиштето да постои поголема професионална соработка помеѓу вработените;

- Да се следи поведението и успехот на учениците и навремено да се изрекуваат педагошки мерки;
-Училиштето да ги поттикнува родителите да се вклучат во активностите во училиштето;

## 6. Ресурси

Јаки страни

1. Наставата ја реализираат стручни и компетентни наставници;
2. Стручната служба им дава поддршка на наставниците во реализација на сите фази од воспитнообразовниот процес
3. Училиштето им обезбедува на наставниците, стручната служба и другите вработени различни обуки;
4. Менторите го следат и подучуваат приправникот.

Слаби страни

1. Има наставници кои не се соодведни за одредени наставни предмети( и наставници кои се студенти)
2. Има наставници на неопределено работно време кои немаат ниту еден час во матичното училиште и сеуште не се поведени постапки за нивно превземање.
3. Висок процент на наставници кои се вработени на одредено работно време.
4. Поголема контрола при реализација на плановите за професионален развој на наставниците и стручните соработници.
5. Организирање на обуки според потребите на вработените.

## 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

ЈАКИ СТРАНИ:
- Училишниот одбор е конституиран согласно законот и статутот на училиштето;
- Во училишниот одбор членуваат мажи и жени, претставници на училиштето, родителите, локалната самоуправа и МОН при што се водело сметка за етничката и родовата застапеност;
- Училишниот одбор работи врз основа на Деловник за работа (дел.број 02-283/11 од 16.05 2014 година) во кој е регулирана работата на УО, односно кои претставници се членови, како се подготвува, свикува седница и како работи УО, кој раководи со седницата и како и зошто може да се се отповика член на УО;
- Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и другите училишни структури.
- Мисијата и визијата се резултат на заедничката определба на сите чинители во воспитно образовниот процес во училиштето. За нивна реализација вклучени се сите субјекти.
- Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на МИО, инклузијата, намалување на насилството.
- За реализација на развојниот план, училиштето во форма на извештаи ги информира училишниот одбор, наставничкиот совет и другите вработени, родителите и локалната заедница.

СЛАБИ СТРАНИ/ПРЕДИЗВИЦИ:
- Училиштето да обезбеди обука за секој нов член, заради успешно извршување на улогата на управување.
-Акциските планови да се доставаат до сите стручни активи за поедноставно и полесно следење на остварувањето на целите.